**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Влада на Република Северна Македонија**
**Секретаријат за европски прашања**

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН
# ЗА ПЕРИОДОТ 2020-2022 година

**Август, 2019**

Содржина


1.1 Вовед................................................................................................................................................ 6
1.2 Анализа на состојба.........................................................................................................................7
1.3 Мисија...........................................................................................................................................10
1.4 Визија............................................................................................................................................10
1.5 Принципи,  вредности и начела......................................................................................................10
1.6. Задачи и обврски...........................................................................................................................11
1.7 Специфичност.................................................................................................................................12
1.8 Структура .......................................................................................................................................12
1.9Односи со органите во состав...........................................................................................................15
1.10 Приоритети и цели........................................................................................................................15
1.11 Осврт на постигнати резултати од претходните години (2018/2019).................................................18
1.12 Програми.......................................................................................................................................48
2. Влијанија врз човечките ресурси.......................................................................................................81
3. Принципи на правична застапеност..................................................................................................82
4. Принцип на еднакви можности на жените и мажите............................................................................82
5. Развивање на заедничките функции...................................................................................................82
6. Ризици на ниво на стратешки план.....................................................................................................85
7. Ризици на ниво на програми..............................................................................................................85

*Почитувани,*



Задоволство ми е да ви го претставам Стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања (СЕП) 2020-2022 година. Со овој план настојуваме да придонесеме во информирањето на јавноста за работата и плановите на СЕП и да обезбедиме разбирање и поддршка за нашите напори во остварувањето на стратешката цел на нашата држава – Успешно водење на пристапните преговори со европската унија, како и крајна цел целосна интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Стратешкиот план е основен тригодишен развоен план на Секретаријатот за европски прашања. Тој е реално спроведлив и е основа за транспарентност и отчетност. Во него се содржани приоритетите и стратешките цели на СЕП, конзистентни со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Нашата визија за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија претпоставува темелни политички и економски реформи и долгорочни напори за создавање на европско демократско општество. За спроведување на овие сериозни реформи, потребна е силна одлучност, посветеност, политичка волја и напорна работа.

Конечно по многу години во процесот, континуирана имплементација на реформите и усогласување на законодавството, успеавме да постигнеме напредок кој ни ги отвора вратите за влез во новата фаза од нашите односи со ЕУ, односно почеток на пристапните преговори.

Фазата која ни претстои бара уште позасилен ангажман од Владата, но и од целокупното општество, бидејќи ова е процес во кој секој еден од нас треба да даде свој придонес. При подготовката на Стратешкиот план, темелно ги анализиравме и внатрешните и надворешните предизвици, ги оценивме нашите капацитети, ја утврдивме нашата позиција и ги поставивме следните приоритети:

- ✓ *Цврсто чекориме кон Европската Унија.*По препорака за почеток на преговори од страна на Европската Комисија во јуни 2019 година и Одлуката на Советот на ЕУ, потврдена од Европскиот Совет се отвора можноста за определување датум за почеток на пристапните преговори во текот на 2019 година. Воедно и со најавата за започнување на скрининг процесот започнува нова фаза на процесот на пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ.Фокусот во следниот период е ставен на подготовка на администрацијата за сите предизвици кои се поврзани со процесот на преговори, почнувајќиод скринингот па се до остварувањето на крајната цел. Паралелно продолжуваме да работиме и на продлабочување на реформите и испорачување на конкретни резултати во делот на судството, безбедносните служби, јавната администрација, како и борбата против организираниот криминал и корупција и сите останати клучни области.

- ✓ *Продолжуваме со исполнувањето на итните реформски приоритети*коисе дел од Програмата за работа на Владата 2017-2020, како и од забелешките и препораките добиени воизвештаите на групата високи експерти, препораките од средбите на високо ниво со претставниците на институциите на ЕУ, извештаите за напредок на Република Северна Македонија, како и препораките од работните тела на ССА и оценските мисии.

- ✓ *Продолжуваме со натамошна координација на европските фондови и јакнење на капацитетите за успешно користење и спроведување на проектите и во таа насока почнавме со проект кој има за цел да ја зајакне оперативната рамка и институционалниот капацитет за стратешко планирање, програмирање и евалуација на влијанието на фондовите на ЕУ во рамките на ИПА и со тоа подобрување на капацитетот на државата за искористување на ИПА фондовите.* Посебно внимание посветувамена комуникација со јавноста за придобивките од користењето на ЕУ фондовите и создавање на услови на одредени интересни групи од македонската јавност (институции, НВО, бизнис оператори,

општини и универзитети) за учество во Програмите и Агенциите на Унијата. Преку Центарот за обука на СЕП спроведуваме посебно дизајнирани програми со цел да ги адресираме утврдените потреби.

- ✓ *Продолжуваме со континуираната подготовка, спроведувањеи следење на Националната програма* за усвојување на законодавството на Европската Унија (НПАА), која претставува сеопфатен среднорочен стратешки и програмски документ. Ќе направиме пресек на сработеното досега, ќе ги утврдиме слабостите и ќе продолжиме да работиме нааналитичкиот преглед на законодавството на Европската Унија.

- ✓ *Ќе обезбедиме целосна функционалност на заедничките тела* меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за следење на имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

- ✓ *Ќе продолжиме со исполнување на обврските од* втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

- ✓ *Ќе ги промовираме европските демократски вредности и практично ќе ги примениме во градењето на демо*кратијата, транспарентноста, слободата на изразување, толеранцијата, дијалогот и соработката со граѓанскиот сектор, академската заедница, медиумите и Парламентот.

- ✓ *Активно соработуваме во регионот*, ќе ја унапредуваме регионалната соработка и ќе ги негуваме и развиваме добрососедските односи. Ќе се соочиме со заедничките предизвици и заеднички ќе ги решаваме.

- ✓ *Планираме нова Стратегија за информирање и комуникација* со јавноста, со понуда на нови содржини и настани. Значително ќе ги зајакнеме нашите информатички системи. Ќе ја збогатиме понудата на информации на нашата веб страница, која е достапна на македонски, албански и англиски јазик, и ќе понудиме интерактивна платформа за дијалог со јавноста.

Процесот на пристапување во Европската Унијане е само на Секретаријатот за европски прашања, туку на сите нас и за сите граѓани на Република Северна Македонија. Верувам, дека, со реализацијата на овој Стратешки план, како одговорна држава пред своите граѓани, ќе продолжиме со реформите на прав пат, ќе се подготвиме за преговорите на квалитетен начин и ќе ги примениме европските демократски вредности во нашата работа. Индикатор на успешноста ќе биде оценката на граѓаните за нашата работа.

Dr. BujarOsmani

Заменикпретседател на Владата
задолжен за европски прашања

# АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **ВРСМ** | Влада на Република Северна Македонија |
| **ДЕУ** | Делегација на Европска Унија |
| **ДИС** | Децентрализиран систем за имплементација на Инструментот за претпристапна помош |
| **ДС** | Државен советник |
| **ДСек** | Државен секретар |
| **ДМС** | Систем за управување со документи во државната управа(Документ менаџмент систем) |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКП** | Дипломатско конзуларни претставништва |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ИПАМК** | ИПА Мониторинг комитет |
| **ЗПВРСМ** | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош (Instrument for Pre-accession Assistance) |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **ПМРСМЕУ** | Постојана Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија |
| **МИПД** | Повеќегодишен индикативен програмски документ (Multi-Annual Indicative Planning Document) |
| **МИФФ** | Повеќегодишна индикативна финансиска рамка (Multi-Annual Indicative Financial Framework) |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЕРП** | Програма за економски реформи |
| **НИПАК** | Национален ИПА координатор |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на правото на Европска Унија (National programme for the adoption of the acquis communitaire) |
| **НСЕИ** | Национален совет за европски интеграции |
| **НФ** | Национален фонд (National Fund) |
| **ОУЧР** | Одделение за управување со човечки ресурси |
| **ОВР** | Одделение за внатрешна ревизија |
| **ОИСС** | Одделение за информациони и софтверски системи |
| **ООЈ** | Одделение за односи со јавноста |
| **ПЕП** | Претпристапна економска програма |
| **ПАРИРП** | План на активности за реализација на итни реформски приоритети |
| **РКЕИ** | Работен комитет за европска интеграција |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СИ** | Сектор за интеграција |
| **СИКТ** | Сектор за информатичка и комуникациска технологија |
| **СКСП** | Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош |
| **СОРОЈ** | Сектор за организациски работи и односи со јавноста |
| **СОПР** | Сектор за општи и правни работи |
| **СПНВА** | Сектор за подготовка на националната верзија на Acquis communitaire |
| **ССПППП** | Сектор за стратешко планирање и поддршка на процесот на пристапување |
| **СПО** | Виш програмски службеник (Senior Programme Officer) |
| **ССА** | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| **СФП** | Сектор за финансиски прашања |
| **ТАИБ** | Прва компонента ИПА- Помош при транзиција и институционална надградба (Transition Assistance and Institution Building Component) |
| **ЦФЦД** | Секторот за централно финансирање и склучување договори; Сектор во рамките на Министерството за финансии |
| **ISO** | Меѓународната организација за стандарди (International Organization for Standardization) |
| **TAIEX** | Техничка помош за размена на информации (Technical Assistance and Information Exchange) |
| **РКЕИ** | Работен комитет за европска интеграција |
| **РИА** | Regulatory Impact Assessment |
| **АА** | Агенција за администрација |
| **ГД** | Генерален директорат |

## 1.1ВОВЕД

Секретаријатот за европски прашања, заедно со сите учесници, во изминатите години постигна значителен напредок во процесот на европската интеграција. Кандидатскиот статус, визната либерализација, воспоставувањето на Пристапниот дијалог на високо ниво и нотираниот напредок во однос на реформската агенда во многу реформски области, се резултат на досегашната посветеност и работа.

*Во изминатиот период успешно го поставивме и зајакнавме целокупниот систем за координација и поддршка на процесот:*

- По кандидатскиот статус на Република Северна Македонија и девет последователни препораки за почеток на пристапните преговори, Советот на ЕУ во своите заклучоци од јуни 2018г., отвора временска рамка за определување датум за почеток на пристапните преговори во јуни 2019г. и отпочнување со процесот на аналитички преглед (скрининг).
- Континуирано спроведување на наодите и препораките од годишните Извештаи на Европската комисија, вклучително и Планот за имплементација на итните реформски приоритети, заклучоците од министерскиот дијалог за Програмата за економски реформи, заклучоците од редовните состаноци на телата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, документот подготвен од група граѓански организации насловен како „Предлог за итни демократски реформи" и резултатите од консултациите со граѓанското општествоврз основа на Листата на итни реформски приоритети на ЕК и Извештајот на групата високи експерти за системски прашања во областа на владеење на правото.
- Отпочнат и успешно воден процес на објаснувачки состаноци помеѓу РСМ со ЕК.
- Го завршивме 15-тиот  и го започнавме 16-тиот циклус на состаноци преку институционалниот механизам на КСА/Поткомитети и очекуваме отпочнување на втората фаза на ССА.
- Го завршивме 15-тиот циклус на ревизијата и планирањето на краткорочните и среднорочни приоритети на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА).
- Воспоставениот Работен комитет за европска интеграција (РКЕИ), продолжи да претставува платформа за меѓуресорска консултација и форум за отворен дијалог.
- НПАА работните групи континуирано работеа на спроведување на НПАА.
- Го поставивме системот за подготовка на националната верзија на acquis и напорно работиме на изработка на национална верзија на правните акти на ЕУ.
- Координативните и оперативни структури на ИПА претпристапниот инструмент се високо функционални, оперативни и со докажан кредибилитет (околу 400 членови).
- Центарот за обуки на СЕП, како институционална рамка за континуирано и конзистентно јакнење на капацитетите на администрацијата за процесот на европска интеграција.
- Развивме модерни информатички системи и алатки за поддршка и следење на процесот на пристапување, како и низа стандардизирани платформи, методологии, аналитички алатки и стандарди на квалитет.

## 1.2 Анализа на состојбата

### 1.2.1 Историски развој на Секретаријатот за европски прашања

Секретаријатот за европски прашања е основан како посебна стручна служба на Владата на Република Северна Македонија во 2005 година, со трансформација на претходниот Сектор за европска интеграција во рамките на Генералниот секретаријат на Владата. Формирањето на Секретаријатот за европски прашања е резултат на потребите кои произлегуваат од интензивирањето на процесот на евроинтеграција на земјата во Европската унија, и во целосна функција на остварување на клучната стратешка цел, членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Целосна интеграција во Европската Унија е еден од клучните стратешки приоритет на Владата и СЕП, со директен фокус на отворање и водење на преговорите за членство во ЕУ.

Секретаријатот за европски прашања е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија раководена од членот на Владата, Заменик претседател на Владата задолжен за европски прашања кој ги има правата и надлежностите на државен функционер кој раководи со орган на државната управа. Работата на СЕП е уредена со Законот за Влада, согласно кој СЕП има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовка и координирање на евроинтегративниот процес на земјата во ЕУ. Секретаријатот за европски прашања остварува интензивна соработка со органите на државната управа и со други органи и институции, како и директен дијалог со институциите на ЕУ, дипломатските преставништва на земјите членки на ЕУ, меѓународните тела и организации.

### 1.2.2.– SWOT анализа[1]

**SWOT анализа**

Во рамките на SWOT анализата, опсервиран е Секретаријатот за европски прашања, неговата внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите-човечките и материјалните ресурси и опрема со која располага, условите за работа, како и заканите и предизвиците со кои се соочува во секојдневното работење.Сето тоа послужи како добра основа да се изработи SWOT анализа на ниво на Секретаријатот за европски прашања.

Стратешките концепти на СЕП беа разгледани од пошироката група на вработени во СЕП користејќи SWOT анализа преку која беа посочени „силните“ и „слабите“ страни на СЕП, како и „можностите“ и „ризиците“ кои доаѓаат од надворешниот контекст, а кои влијаат на поставените концепти и идеите. Освен согледувањата кои произлегоа од SWOT анализата, во разгледувањето на стратешките концепти беше земена во предвид и перспективата/укажувањата на вработените во СЕП по однос на функционалноста на Секретаријатот, како и перцепцијата за напредокот на земјата во евроинтеграциските напори и искористување на расположливите ресурси.

**Силни** страни на СЕП:

- *Етаблираност на Секретаријатотза европски прашања*– СЕПе добро етаблирана институција, како со кадар така и со процедури и документи за работа;
- *Препознатливост*– Институцијатае препознатлива не само од другите институции туку и од поширокатa јавност;
- *Перцепција на елитна институција*– ОдСЕП побарале поддршка и учеле други државни институции, во СЕП работат елитни кадри и професионалци;
- *Капацитетен кадар*– ВоСЕП работи млад и потенцијален кадар, кој е високо стручен, со искуство и перспектива за понатамошно напредување и учење;
- *Постигнати резултати*– Восмисла на развивање на стратегии и останати важни документи кои се

[1]***Анализа на состојбата во СЕП-SWOTсе изработува во моментот и е поврзана со функционалната анализа која треба да се заврши во најскоро време и истата ќе биде вклучена во финалниот документ.***

користат не само од институцијата туку и пошироко.

**Слабите** страни на СЕП може да се поделат на три нивоа: политички, организациски и кадровски.

- **Политички:**

Бавна комуникација која резултира со намалена релевантност и кохерентност (ненавремено информирање и/или не споделување на информации).

- **Организациски:**

Потреба од посилно лидерство кое ќе го насочи Секретаријатот за европски прашања кон подобра меѓусекторска координација;

Навраќање на основните функции на СЕП, а тоа се координација и олеснување (фасилитација) на институциите во евроинтеграцискиот процес.

- **Кадровски:**

Концентрација на клучни функции само во мал број на вработените во СЕП.

Флуктуација на вработените во и од СЕП, надвор од институциите или во други институции.

Слаба мотивација на вработените целосно да се вложат поради разни (објективни и субјективни) фактори.

Недостиг на кариерна мотивација која би ги обврзала вработените да учат од СЕП, но и да растат и придонесат во работата на СЕП.

**Ризиците** во работата на Секретаријатот за европски прашања се поделени на три големи категории – одливна кадри, статус на СЕП и јавното мислењето во републиката.

- **Одлив на кадар:**

*Чувство за професионална исклученост на вработените*– Порадинедостиг на информации или недавање на еднакви можности за придонес во работата на институцијата;

*Неискористеност на капацитети*– Големброј на вработени не се вклучени или пак не се доволно мотивирани да го искористат својот потенцијал и расположливиот капацитет во целост;

Демотивираност на кадарот како од внатрешните предизвици (именувани погоре) во работата на СЕП, но и од јавното мислење во однос на европските интеграции.

- **Пошироко опкружување:**

Губење на волја и интерес за евроинтеграциските процеси воопшто во државата,

Губење на мотивација за понатамошните напори за датум за преговори и воопшто полноправното членство во ЕУ.

**Можностите,** кои се идентификувани во работата на СЕП, се структурирани на следниот начин:

- **Политички:**

Институционализирање на политичка координација преку користење на постоечките механизми на координација (состаноци кои ги организира претседателот на Владата на Република Северна Македонија и/или редовните состаноци на Влада);

Создавање на нови механизми и можности кои би придонеле кон поефикасна политичка координација на ставовите.

- **Организациски:**

Да се намали предимензионираноста на вработени, поради намалување на трошоците за работа, но и поради подобрување на ефикасноста и ефективноста на работата на СЕП, доколку се остане со ова темпо на евроинтеграциските процеси;

- **Кадровски:**

Да се вложат напори за порамномерна дистрибуција на функциите во секторите помеѓу вработените;

Да се подигне мотивираноста за поголемо вложување преку разни форми на промоција, професионален развој и поддршка.

| СИЛНИ СТРАНИ | МОЖНОСТИ |
|---|---|
| • Етаблираност на секторот<br>• Препознатливост<br>• Постигнати резултати<br>• Перцепција на елитна институција<br>• Капацитетен кадар | • Политичка волја за подобра координација и комуникација.<br>• Организациски - да се намали предимензионираноста<br>• Прераспределба на вишокот на вработените и,<br>• Поеднаква дистрибуција на функциите |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | **РИЗИЦИ** |
| • Политички: координација, комуникација.<br>• Организациски: предимензониранист, координација.<br>• Кадровски: флуктуација, недостиг на мотивација и кариерна ориентација | • Одлив на кадри<br>• Промена на статусот на СЕП<br>• Намалена волја и интерес за ЕУ |

## 1.2.3.Стратешки насоки и предизвици

Главните стратешки насоки за Стратешкиот план 2020-2022 на Секретаријатот за европски прашања се поставени врз основа на стратешката определба на Владата за членство во ЕУ, како и клучните документи и стратегии: Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА); Процесот за стабилизација и асоцијација; Итните реформски приоритети, објаснувачките состаноци со ЕК. Стратегијата за проширување, со јасни насоки и препораки за процесот на проширување во наредниот период; Стратегијата ЕУ 2020, инцијативите и стратегиите на ЕУ; Повеќегодишната финансиска рамка (МФФ 2014-2020); Годишните извештаи на ЕК за Република Северна Македонија; Секторските стратегии на Република Северна Македонија; Програмата за работа на Владата, Одлуката за стратешки приоритети на Владата за 2020 и реформите во низа области; Програмата за економски реформи (ЕРП).

Секретаријатот за европски прашања направи темелна анализа на овие стратешки документи, ги идентификува клучните предизвици и на Европската Унија и на Република Северна Македонија за следниот период и врз основа на својата позиција и капацитети ги утврди следните *стратешки насоки:*

- *континуитет и подобрување на квалитетот на процесот на пристапување*
- *продолжување со подготовки за отпочнување и водење на преговори*
- *европски демократски вредности во процесот на пристапување*

Пред нас е *двоен предизвик*, одржување континуитет со подобрување на квалитетот на досегашната работа и и отпочнување на пристпаните преговори. Свесни сме за сериозноста на претстојните обврски, но, исто така, и за реалните сопствени капацитети, капацитетите на координативните структури,институциите кои учествуваат во процесот, како и постојните ресурси.

*Нашите напори ќе ги насочиме кон следните предизвици:*

- Партнерски дијалог и соработка со институциите на ЕУ и земјите членки и спроведување на аналитичкиот преглед и подготовка за преговори;
- Воспоставување и операционализација на преговарачката структура и ефикасно управување со процесот на аналитички преглед во насока на подготовка за пристапните преговори;

- Интензивирање на соработка со граѓанскиот сектор, универзитети, дијалог и вклучување во подготовките за преговори;
- Систематско јакнење на капацитетите на сите координативни структури и преговарачките структури, како и на целните групи во специфични области;
- Доследно исполнување на обврските од ССА и имплементација на 2 фаза од ССА;
- Исполнување на активностите во приоритетните области правосудство, реформа на безбедносните служби, реформа на јавната администрација и борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- Подобрување на квалитетот на НПАА особено во однос на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, како и воведување на стриктни инструменти за следење на обврските и мерење на напредокот;
- Консолидација и зајакнување на координативните структури и подготовки за сопствен аналитички преглед на законодавството на ЕУ и националното законодавство;
- Зајакнување на ИПА структурите и јакнење на капацитетите за долгорочно програмирање;
- Интензивирање и подобрување на квалитетот на подготовката на националната верзија на acquis;
- Информирање на јавноста, јакнење на свеста и поддршката за членство во ЕУ и процесот на преговори;
- Методолошка, организациска и процедурална подготовка за воспоставување на преговарачките структури и техничка и информатичка поддршка на процесот на преговорите;
- Зајакнување на регионалната соработка и дијалог со соседите.

Врз основа на стратешките насоки и идентификуваните предизвици, го подготвивме стратешкиот план за 2020-2022г., како целосно интегриран среднорочен развоен документ. Планот обезбедува континуитет на досегашните активности, ги препознава идните предизвици и ги инкорпорира извлечените поуки, реална рамка на планирање, и чекор по чекор, систематско јакнење на структурите и капацитетите, соработка и вклучување, еднакво разбирање и заедничка сопственост на процесот.

## 1.3 МИСИЈА

✓ **Посветеност на реформите до целосна интеграција во Европската Унија**

*Доследно спроведување на политиките на Владата на Република Северна Македонија, во насока на целосна реализација на стратешката определба за членство во Европската Унија, посветени на отпочнување и завршување на преговорите, со квалитетна и ефикасна координација и поддршка на потребните реформи, ефикасно користење на средствата од претпристапните ИПА фондови, активна регионална соработка и партнерски дијалог со институциите на ЕУ, отворен дијалог со граѓаните, како и мобилизација на сите општествени ресурси.*

## 1.4 ВИЗИЈА

✓ **Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија**

*Република Северна Македонија интегрирана во ЕУ, продолжува на патот на градење на модерно, европско, демократско општество, со прифатени заеднички вредности и принципи на демократија и владеење на правото, со европски демократски вредности на почитување на човековите права и слобода на изразување, со политика на дијалог и регионална соработка, како и со изградена одговорност кон користење на севкупните ресурси, заштита на животната средина и културното наследство, како залог за сегашните и идните генерации.*

## 1.5 ПРИНЦИПИ, ВРЕДНОСТИ И НАЧЕЛА

- **(К)**онтинуитет во процесот на пристапување
- **(К)**валитетна поддршка на Владата во реформските процеси и процесот на одлучување
- **(К)**оординација и консултација, ефикасни координативни структури во процесот на пристапување и

преговори, како и користењето на ИПА претпристапните фондови

- **(К)**омуникација, внатрешна соработка, надворешна партиципација на граѓанскиот сектор, академската заедница, Собранието и целокупното општество
- **(К)**реација, професионалност, одговорност, стручност и мотивираност на вработените
- **(К)**олегијалност, тимска работа и солидарност на вработените
- **(К)**онсолидација на организациската структура и функциите во СЕП во насока на оптимален распоред на функции, ресурси и економично работење
- **(К)**валитет и стандарди – воведување и почитување на стандарди на квалитет (ИСО 9001:2015)
- **(К)**онтрола – внатрешна контрола и интегритет
- **(К)**омпјутеризација и развој на информатички системи и интерактивни платформи

## 1.6 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Секретаријатот за европски прашања работи на:

- Координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка на Република Северна Македонија за интеграција во Европската Унија;
- Следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Северна Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки и другите договори склучени меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија;
- Учество, координација и следење на работните тела формирани во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори со Европската Унија и обврските од втората фаза на ССА;
- Координација на процесот на пристпани преговори за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија и учество во формулирање на преговарачките позиции;
- Координација и следење на реализацијата на преземените обврски, вклучително и во приоритетните области;
- Координација и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија;
- Подготовка на националната верзија на acquis communitaire (правото на Европската Унија) и превод на националното законодавство;
- Јакнење на институционалниот капацитет за водење на процесот на европска интеграција и континуирана надградба на стручните и аналитичките капацитети;
- Координација на помошта од Европската Унија и нејзините земји членки, како и координација на другата странска помош поврзана со реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- Континуирано јакнење на спроведувањето на секторскиот пристап во ИПА II;
- Дефинирање на активности и рокови поврзани со програмирањето на ИПА II како и следење и евалуација на реализацијата проектите под ИПА;
- Организирање и управување со Секторските работни групи за ИПА: планирање, подготовка и ревизија на секторските плански документи и акциските документи, како и активности за градење на капацитетите за програмирање;
- Соработување/координација со ЕУ/ДЕУ во врска со распределбата на средствата, во согласност со основните документи на ЕУ за програмирање на ИПА II;
- Проверка на квалитетот на нацрт-акциите и на Секторските плански документи и доставување до ЕК/ДЕУ;
- Информирањена Владата, ЕУ, јавноста и другите меѓународни институции за апсорпцијата на ИПА средствата;
- Водење евиденција за тековните и завршени активности финансирани од ЕУ и други донатори (База на податоци за помош на Централната донаторска помош - CDAD);
- Координирањена учеството на Република Северна Македонија во Програмите на ЕУ;
- Управување со Националниот инвестиционен комитет, со процесот на ефективна примена на Методологијата за селекција и приоретизација на инфраструктурните проекти - Единствена листа на проекти (SingleProjectPipeline);
- Информирање и комуникација со јавноста за активностите поврзани со процесот на европската интеграција и европските прашања;

- Усогласување на работата на органите на државната управа на Република Северна Македонија како држава членка на Европската Унија.

## 1.7 СПЕЦИФИЧНОСТ

Работата на Секретаријатот за европски прашања е уредена со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2005”). Секретаријатот за европски прашања има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовката за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија. Секретаријатот остварува интензивна соработка со органите на државната управа и други органи и институции. Секретаријатот остварува функција на мониторинг на обврските. Нема управна функција.Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања е Главен технички преговарач и Национален ИПА Координатор и согласно Регулативите за ИПА I и ИПА II е должен да управува со фондовите кои ЕУ ги доделува на Република Северна Македонија за спроведување на реформите. Воедно, ја врши и функцијата Национален координатор за странска помош.

## 1.8 СТРУКТУРА

Секретаријатот за европски прашања е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија раководен од членот на Владата задолжен за европски прашања (ЗПВРСМ) кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државна управа.

Согласно законските прописи, уредби и систематизацијата на СЕП, Секретаријатот за европски прашања има Државна секретарка, 5 државни советници, како и 8 сектори и во нивни рамки 25 одделенија, и тоа:

1. **Државни советници**
   Државен советник за поддршка на процесот на интеграција (2)
   Државна советничка за поддршка на процесот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ
   Државен советник за Европски политики и координација
   Државна советничка за координација на Европски фондови и друга странска помош

2. **Сектор за интеграција**
   Одделение за правда, слобода и безбедност
   Одделение за внатрешен пазар и конкуренција
   Одделение за економско-финансиски прашања, даноци и царини
   Одделение за земјоделство и безбедност на храната
   Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика
   Одделение за транспорт, енергетика, животна средина и регионална политика

3. **Сектор за стратешко планирање и поддршка на процесот за пристапување**
   Одделение за поддршка на процесот на пристапување
   Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти

4. **Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош**
   Одделение за програмирање на европски фондови
   Одделение за следење и евалуација на програмите на ЕУ
   Одделение за билатерална и мултилатерална помош:
   Одделение за обука за европските фондови и друга странска помош (Центар за обука на СЕП)

5. **Сектор за подготовка на национална верзија на правото на Европската Унија**
   Одделение за преведување и координација на процесот на преведување
   Одделение за јазична ревизија и терминологија

6. **Сектор за организациски работи и односи со јавноста**
   Одделение за односи со јавноста
   Одделение за протокол и организациски работи

7. **Сектор за општи и правни работи**
   Одделение за административна поддршка и нормативно правни работи
   Одделение за јавни набавки

8. **Сектор за информатичка и комуникациска технологија и архивско работење**
   Одделение за информационен систем и техничка поддршка
   Одделение за архивско работење

9. **Сектор за финансиски прашања**
   Одделение за буџетска координација
   Одделение за буџетска контрола
   Одделение за сметководство и плаќања

**Покрај институционализираните сектори во рамките на СЕП функционираат следните одделенија како самостојни организациони облици:**

- Одделение за внатрешна ревизија (одговорно пред ЗПВРСМ)
- Одделение за управување со човечки ресурси (одговорно пред Државниот секретар)

**Проектни единици:**

Во периодот 2020-20202 година, следната проектна единица ја поддржува работата на СЕП и НИПАК Секретаријатот во спроведување на секторскиот пристап:

- Support for the management of the EU funds/ Поддршка за управување на ЕУ фондови е проект финансиран преку Инструментот за поддршка на ЕУ интеграција на земјата од Акциската програма за 2014 година.
- УНОПС проектот за “Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија”, како билатерален проект, со поддршка на Кралствата Норвешка и Шведска. Имплементатор на проектот е УНОПС канцеларијата во Скопје, (Агенција на ОН за имплементација на проекти) во координација со СЕП.

Со одлуката за започнување на преговори, како резултат на новите функции и зголемувањето на обемот на работа, ќе биде потребно и зајакнување на капацитетите на повеќе функции во Секретаријатот, како и мобилизација на значителни ресурси.

Прилог: Органиграм на СЕП



## 1.9 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

*(СЕП нема органи во состав)*

## 1.10 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Стратешката определба на Владата на Република Северна Македонија за членство во ЕУ, продолжување на реформските процеси во процесот на пристапување кон Европската Унија и отпочнување на преговорите, воедно е иклучен стратешки приоритет на Секретаријатот за европски прашања. За стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година се утврдува: ***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.***

Општата цел на стратешкиот план е создавање на заедничка, интегрална рамка, која содржи усогласени стратешки приоритети и цели:

➢ ***Стратешки приоритет 1: Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија***

*Цели во функција на приоритетот:*

- Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), со фокус на обврските кои се поврзани со преминот во втората фаза од ССА;
- Координација и следење на исполнувањето наИтните реформски приоритети и другите краткорочни приоритети од процесот на европска интеграција, со фокус на областите правосудство, реформа на безбедносните служби, реформа на јавната администрација, и борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;
- Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;
- Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;
- Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis.

➢ ***Стратешки приоритет 2: Квалитетно управување со процесот на пристапни преговори со зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во соработката со институциите на Европската Унија и на земјите членки на Европската Унија***

*Цели во функција на приоритетот*

- Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки;
- Операционализација на структурата за преговори и јакнење на административните капацитети;

- Обезбедување квалитетна поддршка на Главниот политички преговарач, Главниот технички преговарач и Преговарачкиот тим и доследно исполнување на обврските како дел од Секретаријат на преговарачката група;
- Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавство на Европската Унија;
- Поддршка во подготовката на Извештаите од аналитичкиот преглед и формулирањето на преговарачките позиции;
- Зајакнување на административниот капацитет кој работи на процесот на интеграцијата во ЕУ;
- Зајакнување на Центарот за обуки на СЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори.

➢ ***Стратешки приоритет 3: Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување***

*Цели во функција на приоритетот:*

- Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграцијаи процесот на преговори;
- Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница;
- Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија;
- Зајакнување на мрежата на ИПА комуникациски координатори;
- Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи.

Стратешките приоритети и цели ги обликуваат стратешките столбови на стратешката рамка. Приоритетите и целите се меѓусебно тесно поврзани, хоризонтално и вертикално и се меѓузависнисо што се зајакнува вмрежениот ефект и насоченоста кон единствената стратешка цел на Секретаријатот и стратешката определба на Владата.

**Стратешкатарамка е прикажана на следниот Дијаграм.**

**Продолжување на реформските процеси во процесот на пристапување кон Европската унија и отпочнување на преговорите**

| | | |
|---|---|---|
| ➢ ***Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија*** | ➢ ***Квалитетно управување со процесот на пристапни преговори со зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во соработката со институциите на Европската Унија на земјите членки на Европската Унија*** | ➢ ***Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување*** |
| • Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), со фокус на обврските кои се поврзани со преминот во втората фаза од ССА<br>• Координација и следење на исполнувањето наИтните реформски приоритети и другите краткорочни приоритети од процесот на европска интеграција, со фокус на областите правосудство, реформа на безбедносните служби, реформа на јавната администрација, и борбата против корупцијата и организираниот криминал;<br>• Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за | • Зајакнување на позицијата на РепубликаСеверна Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки;<br>• Операционализација на структурата за преговори и јакнење на административни капацитети;<br>• Обезбедување квалитетна поддршка на Главниот политички преговара, Главниот технички преговарач и Преговарачкиот тим и доследно исполнување на обврските како дел од Секретаријат на преговарачката група;<br>• Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавство на Европската | • Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграцијаи процесот на преговори;<br>• Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница;<br>• Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија;<br>• Зајакнување на мрежата на ИПА комуникациски координатори;<br>• Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи. |

| | | |
|---|---|---|
| усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;<br>• Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;<br>• Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;<br>• Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis | Унија;<br>• Поддршка во подготовката на Извештаите од аналитичкиот преглед и формулирањето на преговарачките позиции;<br>• Зајакнување на административниот капацитет кој работи на процесот на интеграцијата во ЕУ;<br>• Зајакнување на Центарот за обуки на СЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори. | |

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ (2018/2019)

Методологијата на изработка на стратешкиот план, како и неговото следење, е целно усогласена со организацијата на управување и клучните функции на Секретаријатот за европски прашања:

- Поддршка на Владата во процесот на одлучување
- Координација во процесот на пристапување
- Координација и поддршка на пристапните преговори
- Координација на ИПА претпристапниот инструмент
- Подготовка на националната верзија на acquis
- Информирање на јавноста, дијалог и соработка
- Јакнење на институционалните капацитети за ЕУ
- Информатички системи и платформи за поддршка на процесот

СЕП, согласно со своите надлежности, има воспоставено активности кои се спроведуваат на редовна основа, што обезбедува континуитет и поврзаност со идните активности. Затоа, осврвтот на постигнатите резултати ги вклучува и клучните компоненти на функциите, нивниот опис, како и информации кои ги покажуваат резултатите со квалитативни и квантитативни индикатори.

Проектираните цели/резултати и активности, се групирани под секој стратешки приоритет/столб, но меѓусебно се хоризонтално/ вертикално поврзани низ сите стратешки цели со зајакнати влијанија во насока на приоритетите.

Секретаријатот за европски прашања во изминатиот период (2018/2019) година, интензивно работеше во сите сегменти од негова надлежност. Следат некои од клучните проектирани резултати/цели и активности:

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СОСТРУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД СПОГОДБАТА ЗА АСОЦИЈАЦИЈА И СТАБИЛИЗАЦИЈА И ДРУГИТЕ ПРАВНИ АКТИ КОИ ГИ РЕГУЛИРААТ БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА- Стратешка Програма 1-Управување и координација со структурите во процесот на пристапување

### 1.11.1 Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Северна Македонија и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграциите

СЕП одржува редовни работни управни колегиуми предводени од ЗПВРСМ на кои се разгледуваат сите материјали по кои треба да се произнесе и сите отворени прашања во врска со процесот на пристапување кон ЕУ.

Се продолжи со редовно информирање на Генералниот колегиум на Владата за позициите на СЕП по однос на бараните мислења и ставови за актите поврзани со ЕУ, како и редовно известување на работните тела на Владините комисии за политички систем, за тековна економска политика и за унапредување на човечките ресурси. Преку предточката за ЕУ, на секоја редовна седница, Владата беше континуирано информирана за состојбите и напредокот во процесот на пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ, поточно за степенот на реализација на обврските кои произлегуваат од Итните реформски приоритети (План 18), објаснувачките состаноци и активностите предвидени во НПАА, како и за состојбите и предизвиците во користењето и имплементацијата на фондовите од Европската Унија. Исто така, СЕП активно е вклучен во електронскиот систем на Владата за доставување на материјали. Се продолжи со праксата на навремено доставување на мислења по однос на законски решенија, одлуки и други акти поврзани со ЕУ со цел навремено и ефикасно донесување на одлуки.

### 1.11.2 Втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

СЕП континуирано подготвува анализи на обврските кои произлегуваат од втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА 2 фаза). Врз основа **на вербалната нота во која се информира дека Република Грција нема резерви во однос на преминот во втора фаза на ССА**, Секретаријатот за европски прашања **подготви Информација околу новите моменти за преминот во втората фаза на ССА со фокус на** новите можности и обврски кои ќе произлезат со преминот во втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а со цел да се дефинираат позициите и натамошните чекори.
На Советот за стабилизација и асоцијација одржан во јули 2018г. се донесе одлуката за премин во втората фаза од ССА. Истата се објави во Службен весник во јануари 2019г.

### 1.11.3 Дефинирање, координација и следење на Планот 18

Планот 18 беше продолжение на Планот 3-6-9, а произлегува од Програмата за работа на Владата 2017-2020, а го зема предвид Политичкиот договор од Пржино и ги следи препораките од средбите на високо ниво со претставниците на институциите на ЕУ, насоките од Европската комисија во Итните реформски приоритети (2015), Препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015 и 2017), како и низата препораки до Владата од изминатите неколку години од телата на Советот на Европа (Венецијанската комисија, ГРЕКО), препораките на ОБСЕ/ОДИХР, наодите и препораките од годишните Извештаи на Европската комисија, вклучително заклучоците од министерскиот дијалог за Програмата за економски реформи, заклучоците од редовните состаноци на телата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, и препораките од консултациите со

граѓанското општество.
Истиот беше споделен и со политичките чинители и објавен на веб страната на СЕП. Европската комисија и другите меѓународни партнери се информираа за напредокот во реализацијата на предвидените активности.

### 1.11.4 Зајакнување на механизмите и процедурите за координација и реализација на НПАА

Процесот на координација на процесот на европска интеграција и понатаму е следен од веќе поставените координативни тела: Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) кое претставува меѓуресорско тело за координација за прашањата поврзани со европската интеграција водено од заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Поткомитетот на РКЕИ составен од раководителите на НПАА работните групи, а воден од државниот секретар за европски прашања. Во периодот 2017 – 2018 се одржани четири седници на РКЕИ и 1 седница на поткомитетот на РКЕИ.
Се консолидира информатичкиот систем за поддршка на НПАА (НПАА портал) и се унапредува мониторинг системот за следење на напредокот со систем за рано предупредување, како и системот за известување и генерирање на различни извештаи (седмични, месечни), како и тримесечни извештаи за Собранието на Република Северна Македонија.

СЕП ја организира и координира подготовката на придонесите за годишниот извештај на Европската комисија, вклучително и придонесот подготвен согласно новата рекалибрирана методологија (ноември/февруари), го консолидира и преведува на англиски јазик целокупниот материјал доставен од страна на надлежните институции и го доставува до ЕК.

Во наредниот период, ќе се продолжи со организирање на редовни состаноци на РКЕИ и доследно следење на обврските од НПАА, како и натамошно подобрување на НПАА порталот и воспоставениот мониторинг механизам. Посебно внимание ќе се посвети на подобрување на мониторинг платформата за рано предупредување, како и јакнењето на стручните и аналитичките капацитети на НПАА работните групи.

### 1.11.5 Годишна ревизија на НПАА

СЕП го спроведува годишниот циклус на ревизија на НПАА, по утврдена методологија, согласно мониторинг механизмот и динамиката воспоставени од страна на Европската комисија. Досега, спроведени се 13 циклуси на годишна ревизија на НПАА, а во тек е финализирање на 14-от циклус на годишна ревизија, при што посебен фокус ќе се стави на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ и инкорпорирање на обврските од објаснувачките состаноци за ЕК.

Целта на годишната ревизија на НПАА е да се анализираат наодите и препораките на ЕК, законодавството на ЕУ, другите релевантни стратешки и програмски документи на ЕУ и на национално ниво во насока на утврдување на сопствениот напредок. Врз основа на наодите и сопствената визија, планови, капацитети и ресурси, се планираат краткорочни и среднорочни приоритети за следниот период. Исто така, се планира проектирање на ИПА инструментот за поддршка на среднорочните приоритети. Затоа, сите институции треба максимално да ги усогласат своите стратешки планови со приоритетите на ЕУ и да ги мобилизираат сопствените ресурси, како и ресурсите на европските фондови. Конзистентноста на секторските стратешки и буџетски планови со приоритетите на НПАА се клучни за успешна реализација на зацртаните активности и понатамошно продлабочување и подобрување на квалитетот на НПАА.

Подготовката на годишната ревизија на НПАА се спроведува од страна на сите НПАА работни групи, а се координира, консолидира и анализира од страна на СЕП. Исто така, СЕП дополнително ја анализира конзистентноста на НПАА со Програмата за работа на Владата, ЕРП и други стратешки и програмски документи. Нацрт НПАА се доставува до Собранието на РепубликаСеверна Македонија и се консултира со граѓанскиот сектор на посебно организирани средби. НПАА годишната ревидирана програма, обично, се

усвојува на последната седница на Влада во годината.

Структурата на документот ја следи структурата на Партнерството за пристапување и критериумите за членство: политички критериуми, економски критериуми, способност за преземање на обврските и имплементација на acquis (33 поглавја/ 130 подрачја) и Административен капацитет. Документот се состои од: НПАА наративен дел и Анекси, и тоа: Анекс1: План за хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ; Анекс 2: Институции; Анекс 3: Буџетски ресурси; Анекс 4: Странска помош; Анекс 5: Обуки (TAIEX). Анексите се подготвуваат врз основа на стандардизирани обрасци.

За време, и после секој годишен циклус на НПАА ревизија, СЕП врши длабинска анализа на методологијата и наодите, подготвува компаративни анализи и воведува корективни системи и нови елементи во методологијата и процесот на ревизија, планирање, мониторинг и управување со НПАА, како и анализа на конзистентноста со други стратешки и програмски документи.

За подготовка на годишната ревизија, дизајниран е НПАА портал – модул ревизија, кој ги следи сите чекори во процесот на ревизијата. Пристапот кон порталот е овозможен за сите НПАА работни групи, подгрупи и државни секретари.

Во наредниот период, се планира натамошно подобрување на методологијата на ревизија и планирање на НПАА со воведување стандардизирани платформи за следење на напредокот и следење на индикатори на успешност за секое поглавје/подрачје на НПАА. Се направи анализа на сопствената оценка на постигнатите резултати и идентификација на критични области, во кои е потребна подлабока анализа и дополнителни интервенции преку Прашалник кој се достави до сите членови на НПАА работните групи.

### 1.11.6 Доследно спроведување на обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

СЕП го организира и спроведува редовниот циклус на состаноци, согласно воспоставениот мониторинг механизам за следење на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕК. Циклусот на КСА/Поткомитети се усогласува секоја година со ЕК.
Распоредот на 15-от циклус на состаноци за периодот 2017/2018/2019 година даден во следната табела:

| | |
|---|---|
| Четиринаесетти состанок на Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика | 28 ноември 2017, Скопје; |
| Тринаесетти состанок на Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој | 19 март 2018, Брисел; |
| Тринаесетти состанок на Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција | 20 мај 2018, Брисел |
| Четиринаесеттисостанок на Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | 17 октомври 2017, Скопје |
| Четиринаесеттисостанок на Поткомитет за земјоделство и рибарство | 15 мај 2018, Скопје |
| Четиринаесетти состанок на Поткомитет за трговија, индустрија, царина и даноци | 23 ноември 2017, Брисел |
| Дванаесеттиот  состанок на Поткомитет за правда, слобода и безбедност | 14 ноември 2017, Скопје |
| Шеснаесетти состанок на Комитет за стабилизација и асоцијација | 20 јуни 2019, Брисел |
| Совет за стабилизација и асоцијација | 13 март 2019 |
| Седми состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација | 20 септември 2017, Скопје |

Посебно внимание се посветува на подготовката, организацијата и следењето на циклусите КСА/Поткомитети состаноци и обврските кои произлегуваат од заклучоците.

После секој состанок на КСА и Поткомитетите се врши анализа на наодите и преземените обврски и се подготвува Информација до Владата со насоки за преземање соодветни чекори и акции од страна на надлежните институции. Преземените обврски, со детален план на одговорности и рокови, се инкорпорираат во постојниот механизам за следење, преку редовните состаноци на РКЕИ.

Во наредниот период, доследно ќе се следат препораките и обврските од КСА и Поткомитетите, како и обврските од извештаите на ЕК во однос на Република Северна Македонија. Во партнерски дијалог со ЕК, СЕП ќе продолжи темелно да ги подготвува состаноците и да го подобрува квалитетот на поднесените материјали и консултациите.

### 1.11.7 Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis communitaire (правото на ЕУ)

Секретаријатот за европски прашања ја координира подготовката на националната верзија на Acquis. Огромниот корпус на правни акти на ЕУ, кои треба квалитетно да се преведат, да се изврши јазична, стручна и правна ревизија на преведените правни акти, големиот корпус на национално законодавство кое треба да се преведе и јазично да се ревидира на еден од официјалните јазици на ЕУ, како и да се изврши превод на низа клучни документи од обласа на европската интеграција, бараат јасно дефинирани стандарди и процедури во процесот на преведување, како и постепено и постојано јакнење на капацитетите и подигнување на нивото на квалитет.

Се практикува утврдената методологија за работа преку соодветни прирачници и упатства за процесот на подготовка на националната верзија на Acquis и за преведување на националното законодавство на еден од официјалните јазици на ЕУ. Овие документи преставуваат основа за обезбедување на квалитетни резултати на вработените во СЕП. Како дел од воспоставениот механизам за следење на динамиката на подготовка на национална верзија на Acquis, на редовна основа, се следи бројот на преведени страници од правни акти на ЕУ, национални правни акти и документи од важност за процесот на европската интеграција. Тековно се работи на утврдување на точниот број на преведени страници на правни акти на ЕУ и други документи од важност за процесот.

На дневна основа се применува воспоставената процедура за контрола на квалитетот на веќе преведените акти (во последните неколку години, за жал, драстично е намален бројот на обучени вработени лица кои останале да работат на подготовка на националната верзија на Acquis). Оттука, овој механизам бара конзистентно градење на капацитетите, воведување на стандарди на квалитет, усогласено и стандардизирано градење на терминологија и воопшто, градење на квалитетот во работата.

*Подготовката на националната верзија на Acquis е* сложен и долготраен процес, кој се одвива во повеќе фази (превод, јазична ревизија, стручна и правна ревизија) и кој во себе мора да вклучува една пообемна структура (преведувачи, правни и стручни ревизори,јазични ревизори, терминолози,лектор, документалисти и ИТ-експерти, експерти од сите области опфатени со правните акти на ЕУ и академската заедница). Имајќи го ова предвид исо оглед на очекуваната одлука за почеток на преговори со Европската Унија во октомври 2019 година, а по однос на еден од клучните елементи - обврската за хармонизирање на националното законодавство со правото на Европската Унија (Acquis communautaire), приоритет е зајакнување на капацитетите за подготовка на националната верзија на Acquis – координација, превод и јазична ревизија, стручна и правна ревизија на правните акти, за Секторот да може да одговори на потребите на процесот во

идниот период. Во таа насока, заради непречено одвивање на процесот на транспонирање на правото на ЕУ во националното законодавство, Секторот предложи нова иницијатива во буџетот за 2019-2021 – Договор за ангажирање на надворешни преведувачи, лектори, стручни лица (стручна и правна ревизија) и консултанти, во насока на враќање на претходниот модел на функционирање што веќе во минатото се покажал како функционален, успешен и ја исполнуваше целта – квалитетен превод проверен од јазичен, стручен и правен аспект.
Секретаријатот за европски прашања на Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 14.8.2018 година предложи враќање на стариот модел со outsourcing на преводот преку склучување Рамковна спогодба за јавна набавка за преведувачки услуги за период од три години. Јавната набавка е во фаза на подготовка и е планирано да се објави во втората половина на август 2019 година.
Преку Рамковната спогодба ќе се ангажираат правни лица (преведувачки агенции) кои ќе обезбедуваат превод на правните акти на ЕУ, превод на правни акти од националното законодавство и други релевантни документи на Република Северна Македонија и ќе направат јазична и правна ревизија на веќе преведените правни акти на Европската Унија. Како прв чекор по спроведувањето на набавката (ноември 2019 година), се планира да се ангажираат сите избрани преведувачки агенции да направат јазична и правна ревизија на 16.000 страници од акти опфатени со скринингот од сите поглавја. Во текот на следните две години ќе се интензивира процесот на преведување на актите на ЕУ со ангажманот на надворешните преведувачки агенции, а преку широка експертиза по ЕУ поглавја и поголемиот број на соработници вклучени во правна ревизија се очекува обезбедување на квалитетен превод. Паралелно со ангажирањето на надворешните преведувачки агенции, потребно е изнаоѓање модус за формирање тела за стручна ревизија, а истовремено потрбно е и значително зајакнување на капацитетите на СПНВПЕУ во повеќе аспекти – човечки, ИТ, просторни, како и континуирана обука на вработените. Сето ова е во насока на постигнување на крајната цел - *Квалитетна национална верзија на правото на Европската Унија, која ќе претставува сигурен извор на правата и обврските кои произлегуваат за македонските граѓани како резултат на евроинтегративниот процес.*

### 1.11.8 Ефикасна координација на програмирање, спроведување и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош

Национален ИПА координатор (НИПАК) - Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија одговорен за европски прашања (ЗПВРСМ) е задолжен за вкупната координација на процесот на програмирање на ИПА инструмент на Европската Унија. НИПАК обезбедува тесна врска меѓу општиот процес на пристапување и користењето на финансиската помош од Унијата и е одговорен за следење и за процена на програмите на ЕУ. Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош при Секретаријатот за европски прашања (СЕП) постапува оперативна служба на НИПАК (НИПАК секретаријат). Во исто време НИПАК ја врши и улогата на Национален координатор за странска помош. Овие две интегрирани функции, ЗПВРСМ и НИПАК, имаат исклучително политичко и стратешко значење, како за процесот на пристапување и преговори, така и за националната стратешката реформска рамка, националните развојни приоритети и нивното долгорочно насочување кон приоритетите на ЕУ и подготовка за црпење на фондовите на ЕУ, како идна земја членка.

Програмирањето на ИПА и друга странска помош и насочувањето кон приоритетите на ЕУ, е, исто така, исклучително важно за подготовка на НПАА приоритетите, стратешките планови на институциите и програмирањето на сопствените буџетски средства. Во услови на ограничени ресурси, усогласеното програмирање на среднорочните и долгорочните приоритети утврдени во НПАА кон ЕУ приоритетите ќе

обезбедат одржливост на сопствените реформи во исполнувањето на критериумите, избалансираност на националните и ЕУ приоритетите и оптимален распоред на ресурси.

Координацијата на програмирањето и следењето на ИПА инструментот има за цел: да се дефинираат односите и одговорноста меѓу соодветните институции на национално ниво вклучени во процесот на ИПА - програмирање, особено нагласувајќи ја подготовката, оцената и изборот на проекти за ИПА Компонента 1; да се подобри ефикасноста при искористување на средства од ИПА, односно да се изгради административен капацитет за успешно користење и да се подобри економичното искористување на средствата; и да се подобри меѓуминистерската координација и соработка. Во изминатиот период, зајакната е улогата на СЕП во процесот на подготовка и следење на спроведување на Оперативните програми. Редовно се одржуваат заеднички ИПА комитети за следење, како и секторски комитети за следење, при што заклучоците се спроведуваат тековно.

### 1.11.8.1Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

ИПА инструментот за претпристапна помош има за цел да обезбеди насочена помош за земјите кандидати и за потенцијалните кандидати за членство во ЕУ, кон исполнување на критериумите за пристапување, како и да ги подготват за користење на програмите за управување и за спроведување на Кохезивниот фонд, Структурните фондови и Фондот за регионален развој на ЕУпо пристапувањето.

Во следната табела е прикажан преглед на искористеност на средства од ИПА заклучно со 18.03.2019 (без износи од Програмите на унијата).

Статус ИПА заклучно со 18.03.2019 (без износи од Програмите на унијата)

| Национална Програма/Оперативна Програма | ИПА ТАИБ 2009 | ИПА ТАИБ 2010 | ИПА ТАИБ 2011 | ИПА ТАИБ 2012 | ИПА ТАИБ 2013 | ИПА РР | ИПА РЧР | ИПАРД | Вкупно ИПА I | Транспорт и животна средина | Правда и внатрешни работи | ИПАРД II | Вкупно ИПА II | Вкупно ИПА I и ИПА II |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на склучени договори** | **75** | **22** | **41** | **46** | **52** | **75** | **99** | **1369** | **1779** | **4** | **26** | **939** | **969** | **2748** |
| **Вкупен расположлив буџет (2007 - 2013) - (ИПА алокации)** | **31,941,858.00** | **36,917,068.00** | **28,903,410.00** | **19,999,900.00** | **21,540,106.75** | **199,926,453.00** | **54,424,000.00** | **67,649,341.00** | **461,302,136.75** | **194,252,265.96** | **20,000,000.00** | **60,000,000.00** | **274,252,265.96** | **735,554,402.71** |
| Износ склучени договори (ИПА) | 29,667,793.06 | 18,500,144.32 | 15,913,258.12 | 14,927,810.52 | 20,153,068.83 | 191,730,932.93 | 35,416,376.64 | 19,166,004.22 | 345,475,388.64 | 30,242,607.51 | 12,703,235.50 | 13,296,568.09 | 56,242,411.10 | **401,717,799.75** |
| **Вкупен износ склучени договори (ИПА+НКФ)** | **33,310,894.68** | **21,045,361.67** | **17,195,849.23** | **17,226,975.85** | **23,847,416.54** | **229,103,236.15** | **41,666,325.46** | **25,223,577.46** | **408,619,637.04** | **36,898,941.37** | **14,631,474.54** | **17,708,917.68** | **69,239,333.59** | **477,858,970.63** |
| Вредност на исплатени средства (ИПА) | 27,742,527.08 | 16,922,828.51 | 13,779,385.30 | 13,302,632.09 | 13,007,849.26 | 175,126,663.00 | 31,396,554.50 | 12,236,409.08 | 303,514,848.82 | 5,381,417.52 | 4,888,219.58 | 81,733,022.00 | 92,002,659.10 | **395,517,507.92** |
| **Вкупна вредност на исплатени средства (ИПА + НКФ)** | **31,203,794.24** | **19,372,196.99** | **14,935,264.24** | **15,443,941.86** | **15,606,579.18** | **333,736,529.55** | **36,937,123.02** | **16,006,731.19** | **483,242,160.27** | **6,555,266.45** | **5,350,592.26** | **108,940,399.00** | **120,846,257.71** | **604,088,417.98** |
| Процент на склучени договори (ИПА) во однос на расположливи ИПА средства | 92.88% | 50.11% | 55.06% | 74.64% | 93.56% | 95.90% | 65.07% | 28.33% | 74.89% | 15.57% | 63.52% | 22.16% | 20.51% | 54.61% |
| Процент на исплатени ИПА средства во однос на расположливи ИПА средства | 86.85% | 45.84% | 47.67% | 66.51% | 60.39% | 87.60% | 57.69% | 18.09% | 65.80% | 2.77% | 24.44% | 136.22% | 33.55% | 53.77% |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на исплатени ИПА средства во однос на склучени договори (ИПА) | 93.51 % | 91.47 % | 86.59% | 89.11 % | 64.55 % | 91.34% | 88.65% | 63.84% | 87.85 % | 17.79% | 38.48 % | 614.69 % | 163.58 % | 98.46% |
| **Износ на вкупно изгубени средства по програми** | **4,199,330.92** | **19,994,239.49** | **15,124,024.70** | **5,072,089.48** | **1,387,037.92** | **24,799,790.00** | **23,027,445.50** | **55,412,931.92** | **149,016,889.93** | / | **7,296,764.50** | / | **7,296,764.50** | **144,817,559.01** |

Во врска со **<u>ИПА 1</u> (2007-2013) во текот на 2018г.** се работеше на затворање на ИПА компонентите за регионален развој и развојот на човечките ресурси. Имено, согласно правилата сите проекти кои што не беа реализирани до 2017г. треба да се реализираат до крајот на 2018г. односно да бидат оперативни. Во врска со компонентата за транзициска помош и институционално зајакнување се работеше на затворање на годишната програма за 2012г. и се спроведуваат договорите од годишната програма за 2013г.
Во рамките на спроведувањето на оваа ИПА компонента, НИПАК секретаријатот спроведува редовни посети за проверка на одржливоста на проектите од техничка помош, а НАО службите ја проверуваа одржливоста на инвестициските проекти (договори за градежни работи и набавки). Истотака, во текот на 2018г. одржан е еден годишен состанок на ИПА Мониторинг комитетот (март 2018г.) и еден состанок на ТАИБ секторскиот мониторинг комитет (јули 2018г.)

За **<u>ИПА 2 (2014-2020)</u>** кумулативно, завршено е програнирање за 95,75% од достапните средства за периодот 2014-2020. Од нив 50% се спроведуваат преку индиректен систем на управување и 50% преку директен начин на управување. За 25,83% од сите програми склучени договори, а извршени се исплати за 11,85%. Вкупниот износ на средства кои стојат на располагање преку ИПА 2 е 608.897.216 евра. Во текот на 2018г. Република Северна Македонија беше информирана дека по основ на оценка за изведба добиени се 20.043.000 евра кои се прераспределени во секторите: животна средина и климатски промени (6.043.000 евра), секторот транспорт (2.000.000 евра) и потсекторот ЕУИФ (2.000.000 евра). Во текот на 2018г. спроведени се 9 (девет) состаноци на ИПА Секторските мониторинг комитети. Подготвен е годишниот извештај за спроведување на ИПА 2014-2020 за 2017га во текот на првиот квартал на 2019 се подготви извештајот за спроведување на ИПА 2018 година . Исто така, подготвен е годишниот извештај за спроведување на ИПА 2007-2013 година за 2017г., Секторскиот извештај за спроведување на ИПА компонента за транзициска помош и институционално зајакнување за 2017г.
За периодот за кој се известува, Секретаријатот за европски прашања во улога на НИПАК секретаријат работеше на следново:

1. **На 5 ноември 2018г. потпишана е Финансиската спогодба за Годишната програма за 2017г., која се состои од 4 акции во висина од 44.643.780 евра;**
2. **Програмирање на Годишната акциска програма за 2019г. во секторите конкурентност и иновации, земјоделство и рурален развој, образование, вработување и социјални политики. Одржани се повеќе од 20 пленарни состаноци на секторските работни групи и голем број на технички и билатерални состаноци;**
3. **Во текот на летото 2018г. започна програмирањето на последната Акциона програма за 2020г. во секторот правда и внатрешни работи;**
4. **Во поглед на ИПА програмите за преку – гранична соработка, во текот на 2018г. беа потпишани:**

- Спогодбата за финансирање за финансиска алокација за 2017г. за акција од Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016г. и 2017г. во рамки на ИПА 2, со што се ставени на располагање ИПА средства во висина од 700.000 евра;
- Спогодба за финансирање за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 – 2017г., за алокацијата за 2017 г.- 2017/038-147, со што се ставени на располагање ИПА средства во висина од 840.000 евра. Воедно, иницирани се консултации во однос на обезбедување на средства од оваа Програма за финансирање на изградба на патот помеѓу македонската и косовската граница кај Блаце, како и изградба на објекти за пограничните органи на овој граничен премин;

Спогодба за финансирање за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија за 2015 – 2017г., за алокацијата за 2017г. - ИПА 2017/038-164, со што се ставени на располагање ИПА средства во висина од 1.190.000 евра.

ИПА 2 Директно и индиректно управување

| Приоритети/сектори | Од СДЗ (CSP) ЕУР | Програмирани ЕУР | Програмирани % | Контрактирани Вкупно | Контрактирани % | Искористени Вкупно | Искористени % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реформи за подготовка на членство во Унијата** | **187,897,216** | **181,156,891** | **96.41%** | **69,765,761** | **38.51%** | **43,112,588** | **23.80%** |
| сектор 1: Демократија и владеење | 130,997,216 | 127,686,891 | 97.47% | 54,155,740 | 42.41% | 40,305,976 | 31.57% |
| Програми на Унијата | | 43,336,891 | | 27,664,951 | | 26,030,344 | |
| Механизам за подготовка на ЕУ интеграции | | 24,250,000 | | 9,117,699 | | 4,576,004 | |
| ПАР и Статистика | | 17,200,000 | | 1,648,500 | | 0 | |
| ПФМ | | 18,600,000 | | 0 | | 0 | |
| Инструмент за граѓанско општество | | 24,300,000 | | 15,724,590.24 | | 9,699,628 | |
| сектор2:Владеење на правото и фундаментални права | 56,900,000 | 53,470,000 | 93.97% | 15,610,021 | 29.19% | 2,806,612 | 5.25% |
| **bСоцио-економски и регионален развој** | **421,000,000** | **401,872,202** | **95.46%** | **80,827,856** | **20.11%** | **25,957,603** | **6.46%** |
| Сектор 3: Животна средина и климатски промени | 123,200,000 | 118,957,592 | 96.56% | 11,658,276.58 | 9.80% | 5,188,793 | 4.36% |
| Сектор 4: Транспорт | 115,200,000 | 110,914,610 | 96.28% | 22,584,330.93 | 20.36% | 3,531,955 | 3.18% |
| Сектор 6:Конкурентност и иновации, Земјоделство и рурален развој | 135,600,000 | 125,300,000 | 92.40% | 45,585,266 | 36.38% | 16,899,069 | 13.49% |
| *6а Конкуретност* | *39,000,000* | 38,000,000 | 97.44% | 24,000,000 | 63.16% | 11,956,250 | 31.46% |
| *6b Земјоделство и рурален развој* | *111,300,000* | 87,300,000 | 78.44% | 21,585,266 | 24.73% | 4,942,819 | 5.66% |
| *Од ДГ АГРИ* | *68,000,000* | *60,000,000* | *88.24%* | *13,049,621* | 21.75% | *1,002,788* | *1.67%* |
| *Од ДГ НЕАР* | *28,300,000* | *27,300,000* | *96.47%* | *8,535,645* | *31.27%* | *3,940,031* | *14.43%* |
| | | 0 | | 0 | | 0 | |
| Сектор7Образование, вработување и соци. политики | 47,000,000 | 46,700,000 | 99.36% | 999,983 | 2.14% | 337,786 | 0.72% |
| **ВКУПНО** | **608,897,216** | **583,029,093** | **95.75%** | **150,593,617** | **25.83%** | **69,070,191** | **11.85%** |

**Одржани Секторски Мониторинг комитети во 2018 година:**

ИПА Заеднички Мониторинг комитет – трет состанок одржан на 22 март 2018 год.

ИПА 2 Секторски мониторинг комитет за владеење на правото и фундаменталните права – втор состанок ,20 април 2018 год.

ИПА 2 Секторски мониторинг комитет за транспорт и животна средина –втор состанок на 6 јули 2018 и трет одржан состанок на 23 ноември 2018 год.

ИПА 2 Секторски мониторинг комитет за конуретност и иновации и земјоделство и руралем развој –прв состанок одржан на 21 март 2018 год, и втор состанок на 12 декември 2018 год.

ИПА 1 ТАИБ Секторски Мониторинг комитет- 13ти состанок одржан на 6 јули 2018год.

**Одржани Секторски Монниторинг комитети во 2019 година:**

ИПА 2 Заедничи Мониторинг комитет – четврт состанок одржан на 22 март 2019 год.

ИПА 2 Секторски Мониторинг комитет за транспорт и животна средина- четврт состанок одржан на 21 мај 2019 год.

ИПА 2 комитетот за следење на ИПАРД - петти состанок одржан на 21 мај 2019 год.

Во период од декември 2018 година до април 2019 година спроведени се екс-пост мониторинг посета на проекти од ИПА I, ТАИБ 2009 и ТАИБ 2012, од кои беа за ТАИБ 2012 беа опфатени 25 договори, и тоа 4 договори за услуги, 10 рамковни договори, 11 договори за твининг од кои 5 твининг лесен проекти, и ТАИБ

2009 беа опфатени 45 договори и тоа 6 твининг договори, 25 рамковни договори, 12 договори за услуги и 1 придонесен договор.

Во декември 2018 година и во јуни 2019 година беше спроведена ад хок мониторинг посета на проект на Министерството за транспорт и врски и ЈП Македонски железници - Инфраструктура
,,Изградба и реконструкција на железничка делница Битола – Кременица, како дел од кракот 10д на Коридорот 10, со крак кон Индустриска зона Жабени”.
Во декември 2018 година беше спроведена *ад хок* мониторинг посета на проект на Министерството за култура „Зачувување и ревитализација на културно-туристичката локација Св. Ѓорѓе - Старо Нагоричане“ и „Надзор на Старо Нагоричане“.
Од 1 мај до 1 јуни 2018 година беше спроведена екс-пост мониторинг посета на проекти од ИПА I, ТАИБ 2010 и ТАИБ 2011, од кои беа опфатени 17 договори, и тоа 9 договори за твининг, 7 договори за услуги и 1 рамковен договор.

Годишната програма за 2018 година е во вкупен износ од 31.989.674 евра и во неа влегуваат следните акции:

- Акција 1. Поддршка за учество во Програмите на Унијата, **7.689.674 евра**
- Акција 2. Поддршка на Реформата за управување со јавни финансии, **18.500.000 евра**
- Акција 3. Механизам за поддршка на процесот на ЕУ, **5.800.000 евра**

Истата е одобрена на 3 август 2018 година (C(2018) 5068).

Во тек се програмирањата за годишните програми за 2019 година и 2020 година.
Во програмската година за 2019 во износ од 50.000.000 евра предвидени се следните сектори:

- Секторот земјоделство – 15 милиони евра
- Секторот конкурентност и иновации – 15милиони евра
- Секторот образование, вработување и социјална вклученост – 20милиони евра

Од ИПА II Акциската програма за 2020 година на располагање се околу 16-18 милиони евра коишто согласно реализираните консултации и почетокот на скрининг процесот ќе бидат наменети за двата потсектора на секторот Владеење на правото и фундаментални права, односно потсектор правосудство и потсектор внатрешни работи.
**Испрограмирана е Повеќегодишна програма за сектор Транспорт, за 7 години,** од **112,9 милиони евра**, од кои 36,9 милиони се одобрени од страна на ЕК за 2014-2016.
**Испрограмирана е Повеќегодишна програма за сектор Животна средина, за 7 години,** од **113 милиони евра**, од кои 44,4 милиони се одобрени од страна на ЕК за 2014-2016.
**Испрограмирана е Повеќегодишна програма за** ИПАРД 2 **за 7 години,** од **60 милиони евра** за период од 2014-2020 за кои е потпишана Секторската спогодба на 27.11.2015 истата е ратификувана на 29.02.2016.

## 1.11.8.2 Програми и Агенции на Унијата

Програмите на Унијата претставуваат интегриран пакет на активности усвоен од ЕУ, со цел унапредување на соработката помеѓу земјите-членки и тоа во разни области поврзани со политиките на Унијата, во период од неколку години.

Примарна цел на програмите беше приближување на политиките и активностите на Европската Унија кон европските граѓани, како и креирање додадена вредност од ЕУ за националните напори на земјите-членки во дадена област. Во програмите можат да учествуваат сите правни субјекти, а во одредени случаи и физички лица (поединци) од тие држави.

Секретаријатот за европски прашања е координатор на сите активности кои произлегуваат за учество во Програмите.

Република Северна Македонија е полноправна членка во 12 програми на Унијата.

| ПрограманаУнијата | | Годинана пристапување | Учествона македонски проекти од 2014-2018 година ЕУР[2] | Финансирање на влезен билет за учество во програмите од 2014-20178година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Национално ко–финансирање ЕУР | ИПА средства ЕУР | Вкупноплатенивлезнибилети[3] |
| **1** | ХОРИЗОНТ 2020[4] | 2014 | 63 се одобрени со вкупен буџет од 7.6 мил. евра | **5,361,758.25** | 9 .507.835 | **14,869.593,00** |
| **2** | КОСМЕ[5] | 2014 | 7проекта[6] 489.032,00 | 286.059,00 | 669.611,00 | 955.670,00 |
| **3** | Еразмус +[7] | 2014 | 557 проекти 25.925.618,00[8] | 3.486.250,00 | 15.263.750,00 | 18.750.000,00 |
| **4** | Еразмус + надворешни насоки | 2014 | / | 97.500,00 | 402.500,00 | 500.000,00 |
| **5** | Програмата Вработување и социјални иновации (EaSI)[9] | 2015 | *Progress* – 15 проекти 3.042.346,38 еур[10] до крајот на 2018 година 18 лица учествуваа на 7 настани; тројца експерти од Р.М. учествуваат во европските експертски групи; подготвени се 19 анализи и тематски извештаи за Р.М. *EaSIМикрофинанс-ирање* – со ЕУ финансиска гаранција во висина од 168.000 евра се обезбедува портфолио од кредити во висина од околу 1,5 мил. евра; Над 70 лица беа обучени за ЕУ инструментите за микро-финансирање; на 1 штедилница и е доделена техничка помош. | 428.000,00 | 372.000,00 | 800.000,00 |

[2]Податоците се добиени од Институциите кои се надлежни за програмите. Во зависност од програмата, пример за Еразмус + Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ги склучува договорите, додека за Хоризонт 2020 од Министерство за образование и наука ги добиваат т.е. ги вадат податоците од ЕУ Е-Корда, портал кој е наменет за Хоризонт 2020.

[3]Влезните билети се збир за периодот од 2014 до 2016 година, во зависност во која година Република Северна Македонија има пристапено во поединечната Програма

[4]Извор на информација –Министерство за образование и наука

[5]Извор на информација –Министерство за економија

[6] Вкупниот износ на овој податок се однесува на износот на средстваод ЕУ кои го имаат добиено македонските институции и организации (170.128,00+170.128,00+43.000,00+12.850,00+17.067,00+31.764,00+44.095,00= 489.032,00)

[7]Извор на информација –Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

[8]Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ги склучува договорите

[9]Извор на информација –Министерство за труд и социјална политика

[10]Овој податок претставува вкупен збир на средства на проекти во кои учествуваат македонски претставници, оваа сума не може да се подели и да се увиди колку точно средства добиваат македонските претставници од проектите

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **6** | Креативна Европа - Култура[11][12] | 2014 | 46 проекти<br>(плус 2 македонски организации учествуваат во проекти поддржани во категоријата мрежи)<br>1.700.000,00[13] | 40.500.00 | 139.500,00 | 180.000,00 |
| **7** | Креативна Европа - Медиа[14] | 2015 | 38проекти<br>422.806,00 [15] | 56.250,00 | 168.750,00 | 225.000,00 |
| **8** | Европа за граѓаните[16] | 2014 | 21 проекти<br>891.560,00[17] | 18.000,00 | 42.000,00 | 60.000,00 |
| **9** | Фискалис 2020[18] | 2014 | Во фискалните години 2014-2018( заклучно со 31.03.2019) година до сега се искористени вкупно 145.604,15 евра.<br>Во овој период 138 учесници од УЈП, 4 учесници од Минстерството за финансии и 4 учесници од Царинската управа присуствуваа на 61 настани (работилници, состаноци, работни посети, семинари) преку програмата ФИСКАЛИС 2020 | 88.500,00 | 111.500,00 | 200.000,00 |
| **10** | Царина 2020 | 2014 | Царина 2020 за фискалната година 2014 и 2018 (период од 01.04. 2014 до 15.02.2018 година), досега се искористени:<br>**2014** - 26.333,63 евра за 16 настани и 27 учесници<br>**2015** - 37.000,00 евра за 21 настани 37 учесници + 120.000,00 евра за поврзување со европските системи за царина и даноци (CCN/CSI)<br>**2016** - 44.756,55 евра за 26 настани и 46 учесници + 120.000,00 евра за поврзување со европските системи за царина и даноци (CCN/CSI).<br>**2017** - 34.511,60 евра за 21 настан и 31 учесник + 120.000 ,00 евра за поврзување со европските системи за царина и даноци (CCN/CSI)<br>**2018** - 51.314,79 евра за 37 настани и 51 учесник + | 314.600,00 | 412.400,00 | 727.000,00 |

[11]Извор на информација –Министерство за култура
[12]Извор на информација –Министерство за култура
[13] Канцелариите на Креативна Европа немаат увид во распоредот на средствата меѓу партнерите. Но, најчесто се средствата се движат од 3.000,00 до 20.000,00 евра на годишно ниво за македонските партнери, со исклучок на проектите каде македонските организации се со статус на водечки партнер (пр: Центарот за дизајн и иновации - Јавна Соба каде ЕУ грантот е поголем). Вкупниот износ кој е наведен е апроксимативен.
[14]Извор на информација –Агенција за филм
[15]Извор на информација – Министерството за образование и наука располага со податоците коишто се објавени на web-страната на Извршната Агенција за образование, аудиовисуленост и култура, но не располага со информации за проекти во коишто Република Северна Македонија е вклучена како земја-партнер, така што овие бројки постои можност да се нецелосни.
[16]Извор на информација –Министерство за образование и наука
[17] Овој податок претставува вкупен збир на средства на проекти во кои учествуваат македонски претставници, оваа сума не може да се подели и да се увиди колку точно средства добиваат македонските претставници од проектите
[18]Извор на информација –Управа за јавни приходи

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 120.000 ,00 евра за поврзување со европските системи за царина и даноци (CCN/CSI)<br>**553.916,57 евра за 121 настани и 192 учесници** | | | |
| **11** | Механизам за цивилна заштита[19] | 2015 | Програмата за обука е еден од инструментите на Механизмот за цивилна заштита на Унијата и секоја негова членка добива годишна квота за учество, од 2014 до 2017 досега имаме учествувано на 47 курса со 46 учесника. Во 2018 година, во рамките на тренинг програмата на Механизмот, Дирекцијата учествувала на 7 курсеви, со свои 8 кандидати.<br>Исто така, редовно учествуваме на состаноците на директори на цивилна заштита, на Комитетот за цивилна заштиа и на состанок за национални координатори.<br>За 2018 година, ДЗС учествувала со вкупно 11 учесници на наведените активности. | 51.781. | 96.651,00 | 148.432.00 |
| **12** | ЖИВОТ +[20] | 2014 | Организации од Република Северна Македонија може да учествуваат само како партнер организација во проекти Организации од Република Северна Македонија може да учествуваат само како партнер организации во проекти | / | / | / |
| **13** | **Агенција за фундаментални права** | 2016 | | 29.625,00 | 181.625,00 | 211.250,00 |
| **Вкупно** | | | 39.240.882.00 | 10258.823 | 27.368.122,00 | 37.626.945,00 |

[19] Извор на информација –Дирекција за заштита и спасување
[20] Извор на информација –Министерство за животна средина и просторно планирање

| Табела 1: Комуникација и соработка со Агенции на Унијата, кои се од интерес на државата | |
|---|---|
| **Агенција на Унијата** | **Статус** |
| | . |
| Европска агенција за животна средина (EEA) | Република Северна Македонија има статус на земја соработничка. Претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање редовно присуствуваат на состаноците на националните контакт точки и редовно се доставуваат податоци и информации до сите 5 европски тематски центри за вода, воздух, почва, отпад и биодиверзитет. |
| Европски центар за превенција и контрола на болести (ECDC) | Министерство за здравство соработува со ECDC како набљудувач. |
| Европски мониторинг центар за droги и зависност од дроги (EMCDDA) | Центарот за дрога и зависност од дрога (во рамки на Министерство за здравство) соработува со EMCDDA како набљудувач. |
| Европска агенција за лекови (EMEA) | Бирото за лекови соработува со EMEA како набљудувач. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Европска агенција за безбедност на храна (EFSA) | Агенција за храна и ветеринарство соработува со EFSA како набљудувач. |
| Европска агенција за безбедност и здравје при работа (ЕУ-OSHA) | Државната трудова дирекција соработува со ЕУ-OSHA како набљудувач. |
| Европска фондација за обука (ETF) | Министерство за образование и наука соработува со ETF и Cedefop како набљудувач. |
| Европски центар за развој на стручна обука (Cedefop) | |
| Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) | Агенцијата за цивилно воздухопловство има склучено договор за соработка со EASA. Целосно учество е можно по пристапувањето во ЕУ |
| Европската агенција за хемикалии (ECHA) | Бирото за лекови соработува со ECHA како набљудувач. |
| Канцеларија за хармонизација на внатрешниот пазар (трговски марки и дизајни) (OHIM) | Државниот завод за индустриска сопственост соработува со OHIM како набљудувач. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Канцеларија на растителни сорти на заедницата (CPVO) | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство соработува со CPVO како набљудувач. |
| Европска агенција за управување со оперативна соработка на надворешните граници (FRONTEX) | Министерство за внатрешни работи потпиша договор за соработка. Целосно учество е можно по приемот во ЕУ. |
| Европска агенција за железници (ERA) | Агенцијата за регулирање на пазарот за железнички услуги е утврдена. Амбиции за идно интензивирање на соработката со ERA. |

Република Северна Македонија на 10/10/2018 година, изрази интерес за учество во новата Програма на Унијата – „Европски солидарен корпус“.
Европскиот корпус за солидарност е нова иницијатива на Европската унија која создава можности за младите луѓе да волонтираат или работат во проекти во сопствената земја или во странство низ цела Европа.
Учеството на Република Македонија во програмата Европскиот корпус за солидарност ќе овозможи многу поголема мобилност на младите, промовирање и практикување на волонтерството и солидарноста во Република Северна Македонија, но и учество на младите на вакви активности во другите земји, стекнување на искуство преку практична работа како и вработување согласно правилата на програмата.

## 1.11.8.3TAIEX

TAIEX (The Technical Assistance Information Exchange Office – Техничка помош за размена на информации) преставува краткорочна техничка помош за земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки од Западен Балкан во насокана приближување, примена и спроведување на правото на ЕУ, како и во надградбата на неопходната административната структура. TAIEX се финансира од повеќе-корисничката програма ИПА по принципот „прв пријавен, прв услужен“. Во 2019 година се направија извесни реформи во начинот на работа и искористување на инструментот, со што се направи дикретно зајакнување и отчетност во врска со искористувањето на средствата за кјакнење на капацитетите во рамки на процесот на европска

интеграција и препораките од годишните извештаи, и се најави воведување на новина во работењето, односно овозможување инструментот да се користи и од локалните власти и институции.

Координатор на TAIEX активностите во Република Северна Македонија е СЕП. Барањата за експертска помош, организирање на работилници и студиски посети се праќаат преку СЕП до Делегацијата на Европската Унија, која врши првична проверка и одобрување за нивно процесирање, додека електронското процесирање на самите апликации го прави СЕП преку Националното контакт лице за TAIEX. Комуникацијата со TAIEX канцеларијата во Брисел се врши преку Националното контакт лице за TAIEX, а информациите за процесираните апликации се доставуваат во СЕП и во Постојаната Мисијата на Република СевернаМакедонија во Брисел, а потоа истите се проследуваат преку СЕП, до надлежните органи.
Република Северна Македонија активно го користи овој исклучително важен инструмент процесот на пристапување.

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одобрени | 193 | 150 | 208 | 197 | 133 | 159 | 87 | 69 | 32 |
| Не одобрени | 88 | 45 | 23 | 33 | 33 | 46 | 39 | 18 | 25 |
| Се чека одговор | 15 | 0 | 12 | 7 | 4 | 5 | 0 | 3 | 10 |
| **Вкупен број на апликации** | **296** | **195** | **243** | **237** | **170** | **210** | **126** | **90** | **67** |

### 1.11.8.4 TWINNING

Во изминатиот период, СЕП ја зајакна својата координативна улога како Национално контакт лице за твининг инструментот. Изработен е твининг прирачник во согласност со насоките на Европска Комисија. Прирачникот е усвоен од страна на ВРСМ и дистрибуиран до потенцијалните корисници.

Во врска со институционалното јакнење, твининг инструментот продолжува да биде префериран модел за проекти каде е важна релевантната експертиза на твининг земјите членки, за транспонирање acquis и хармонизација на националното законодавство во одредени области и пренесување на нивното експертско знаење и искуство на институцијата – партнер.

Вкупен број планирани твининг проекти од преку КАРДС, ИПА 2007-2013 и ИПА 2014-2020 се околу 89 проекти.

Во однос на твининг партнерите, македонските институции имаат воспоставено партнерства со голем број институции од вкупно 23 држави членки. Водечки партнер кај најголем број твининг проекти е Австријасо15,Германија со 12 проекти како водечки партнер. Институции од Шпанија се јавуваат како водечки твининг партнери во 10 проекти, Холандија во 10проекти и Литванија 9, Словенија 7 и Финска 5 се јавуваат во улога на твининг партнер.

Во однос на секторите, најголем број од твининг проектите (48) се однесуваат на реформи во јавната администрација и правда и внатрешни работи - 54,4 проценти од вкупниот број проекти. Имајќи ги предвид сите напори на владите во Република Северна Македонија за спроведување реформи во јавната администрација и усогласување на законодавството, оваа структура е сосема разбирлива. Тринаесетпроекти се од сферата на животна средина, единаесетсе поврзани со образование, вработување и социјална политика, шест се во областа на земјоделството и шест се во областа на економски развој. Од наведените бројки може да се заклучи дека голем број длабински и суштински реформи се започнати и спроведени со помошна твининг проектите.

Во текот на 2019 година, обајвени се два исклучително важни проекти во областа на Програмата за јавни финансии во висина од 8 милиони евра кои се финансираат од ИПА годишната програма за 2018 година.

### 1.11.8.5Билатерална соработка

Во однос на билатералната соработка насочени сме кон активен пристап кон билатералните партнери, односно унапредување на билатералната развојна соработка и нејзино проширување. Принципите на иницијативност и сопственост се основните водилки во работењето, при што се настојува дополнително да се зголеми успешноста во искористувањето на расположливите билатерални развојни средства за државата, нивно насочување кон НПАА области, но и иницирање на нови партнерства.

Посебен акцент се става на активностите за задржување на билатералните партнери во Република Северна Македонија, но и проширување на билатералнта развојна / проектна соработка со нови донатори. Координацијата на билатералната развојна помош за Република Северна Македонија се реализира во континуитет во поглед на програмите за развојната соработка на Кралството Шведска,Кралството Норвешка, Република Словенија, Народна Република Кина, Јапонија.. Со останатите донатори во Република Северна Македонија, како што се САД, Германија, Велика Британија, Швајцарија и останатите држави кои преку своите дипломатски претставништва во Република Северна Македонија реализираат и проектна соработка настојуваме да имаме редовна комуникација во поглед на реализираната помош и планови за поддршка од нивна страна.

Би ги истакнале следните резултати постигнати во текот на 2018 и 2019 година во поглед на билатералната помош:

- На 26.7.2018 беше потпишан Меморандум за разбирање за билатерална проектна соработка со норвешкото Министерство за надворешни работи со кој Република Северна Македонија доби пристап до норвешки развојни средства во висина од 3 - 5 милиони евра на годишно ниво. Секретаријатот за европски прашања одржува редовна консултација со амбасадата на Норвешка во Белград во поглед на унапредувањето на проектната соработка. На иницијатива на Секретаријатот за европски прашања обезбедена е поддршка за евроинтегративниот процес на Република Северна Македонија во рамки на проектот Нордиски прогрес.
- На 12.3.2018 беа потпишани билатерални договори за развојна соработка со Кралството Шведска. Со тоа се обезбеди правен основ за пристап на Република Северна Македонија до шведски развојни средства во висина од околу 9 милиони евра за периодот 2018-2020 година.Секретаријатот за европски прашања одржува редовна комуникација со амбасадата на Шведска во поглед на спроведувањето на развојната соработка во рамки на потпишаните договори. Воедно,на иницијатива на Секретаријатот за европски прашања обезбеденае поддршка за поединечни аспекти од евроинтегративниот процес на Република Северна Македонија.
- Остварени се консултации со релевнтни институции од Република Словенија и постигнат е договор за продолжување на билатералната развојна соработка согласно националните механизми за координација на странска помош и потпишување на билатерални Меморандуми за соработка
- До Амбасадата на НР Кина во Скопје доставен е предлог за финансирање на два проекти за финансирање преку кинеска помош и тоа “Проект за зајакнување на капацитетите на службите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија“ како заеднички предлог од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика и “Подобрување на квалитетот на научно истражување на академскиот кадар и унапредување на образованието во областа на молекуларната биологија како резултат на донација на опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија”, како предлог од Лабораторијата за молекуларна биологијанаПриродно – математичкиот факултет приУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и консултацијата за нивна поддршка се одвива тековно.
- Комплетиран е проектот Изградба на спортската сала при ОУ „Рајко Жинзифов“, Скопје, поддржана со

средства од НР Кина со што е заокружен проектот за Изградба на ОУ Рајко Жинзифов, во општина Кисела Вода.

- Финализиран е Проектот за техничка помош во областа на образованието во Република Северна Македонија, финансиран со средства од НР Кина.
- На иницијатива на Министерството за внатрешни работи побарана е поддршка од НР Кина за подобрување на инспекцискиот/безбедносен надзор на аеродромите, надвор од потпишаните договори за техничка и економска соработка.
- На барање на Министерството за образование и наука побарана е поддршка од НР Кина за имплементација на втора фаза од проектот за е-образование, надвор од потпишаните Договори за техничка и економска соработка.
- Редовно се координира спроведувањето на билатерални семинари во НР Кина на различни темиПодготвен е пакет за техничка соработка со Владата на Јлаонија за јапонската фискална 2020 година, составен од предлог за градење капацитети за читање на сателитски снимки – Агенција за катастар на недвижности, Поддршка на претприемништвото преку менторирање – Агенција за поддршка на претприемништворо во Република Северна Македонија, Управување со квалитет и конкурентност – Економски факултет при УКИМ Св. Кирил и Методиј.
- Редовна координација на обезбедување јапонски тренинзи на претставници од Република Северна Македонија и координација на нивното спроведување.
- Континуирано се координира процесот на обезбедување можност за учество на претставници од државните институции на обуките во Сингапур.
- На иницијатива на Царинската управа побарана е техничка поддршка од Кореа за Царинската управа.

**<u>Следење на проекти од ИПА, кои се имплементираат во СЕПво 2018-2019 г.:</u>**

| |
|---|
| Проект: Support for the management of the EU funds/ Поддршка за управување на ЕУ фондови е проект финансиран преку Инструментот за поддршка на ЕУ интеграција на земјата од Акциската програма за 2014 година. Проектот е со буџет од 2.570.000 евра, а се имплементира од 1 јуни 2017 година во наредните 3 години.<br>Проектот е за поддршка на стратешката релевантност, ефикасност, ефективност и влијаниетона ЕУ фондовите во земјата. Целата на проектот е да ја зајакне оперативната рамка и институционалниот капацитет за стратешко планирање, програмирање и евалуација на влијаниетона ЕУ фондовите согласно ИПА регулативата. Проектот се состои од две компоненти и тоа поддршка за воведување на целосно функционален секторски пристап и подобрување на програмирање, користење и проценка на ЕУ фондовите од страна на државните институции. |

### 1.11.8.6 Тековни активности и потреби (клучни приоритети)

- Постојано следење и навремено делување за намалување на ризиците од губење на средства до крај на 2018 (т.н. risk of de-commitment of funds) (Одржување на  редовни состаноци помеѓу НИПАК, ЦФЦД и НАО со ИПА структурата континуирано);
- Следење и спроведување на мерките од Мастер планот за надминување на недостатоците во спроведувањето на ИПА;
- Спроведена годишната анализа за потреби од обука и за јакнење на капацитетите на ИПА националната структура од Страна на Центарот за обука на СЕП;
- Јакнење на рамката за секторска координација и поддршка на Секторските работни групи преку инклузивен и транспарентен систем на програмирање на ИПА 2019-2020;
- Функционален Национален Инвестициски Комитет (НИК)и единствена листа на инфраструктурни проекти;
- Спроведено годишно самооценување на секторскиот пристап;

- Функционалност на Рамката за оценување на изведбата (ПАФ) и известување за спроведување на ИПА 2;
- Редефинирање на НИПАК прирачник;
- Одржани ИПА заеднички мониторинг комитет и ТАИБ Секторски мониторинг комитет и Секторските мониторинг комитети за транспорт и животна средина, владеење на право и фундаментални права, земјоделство, конкурентност и иновации, основање на секторски мониторинг комитети за реформа на јавна администрација, образование, вработување и социјални политики и управување со јавни финансии;
- Редовно учество во Управните комитети на ниво на проекти;
- Соработка со ИПА проектите кои тековно се спроведуваат во РМ (континуирано – 2018 г.);
- Подготовка на Програмата за работа на Центарот за обука на СЕП (ИПА Треининг Фасилити);
- Просторно сместување на Центарот за обука на СЕП и негово кадровско екипирање;
- Донесување и примена на актот за ростер на обучувачи од администрацијата за ЕУ и ЕУ фондови.
- Подготвена и усвоена Информација за резултатите од старите и насоки за новите Програми за Унијата ИПА 2;
- Подготовка и спроведување на проект за родова еднаквост во ИПА.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #2: КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПНИ ПРЕГОВОРИ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЗИЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКАТА СО ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА-Стратешка програма 2- Управување со процесот на преговори

### 1.11.9 Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ

Во изминатиот период, СЕП во рамките на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел континуиранoработешена натамошно развивање на главните одредници за работа и комуникациските канали по сите клучни компоненти на процесот на пристапување. СЕП во рамки на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел, согласно своите надлежности, континуирано ги развива поставените механизми на соработка со телата на ЕУ (ЕП, Советот, ЕК), со цел зголемување на нивната ефикасност и проширување и зацврстување на лицатаза контакт од релевантните институции на ЕУ.

Клучни активности во изминатиот период беа:

- *Поддршка во организација и подготовка на состаноците на работните тела на ССА* (поддршка на организацијата на КСА и состаноците на ко-претседавачите на поткомитетите и специјалната група за РЈА, и редовна комуникација со ГД за соседска политика и преговори за проширување, заради обезбедување постојаност во подготовките и настапите;

- *Континуирано следење на европското законодавство (Acquis Communautaire)*: анализа на нови директиви, регулативи и одлуки, информирање за истите, пасивно и набљудувачко учество на состаноци кои се однесуваат на одредени новитети во однос на европското законодавство.

- *Објаснувачки состаноци (скрининг).*

- *Активно учество во организацијата и спроведувањето* на оценските мисии и следење на реализацијата на препораките во Извештаите од истите.

- *Континуирано следење и информирање за случувањата околу трговските мерки за заштита поврзани со производи од алуминиум и челик*: пасивно и набљудувачко учество на состаноци, информирање за сите исходи, и изготвување на анализи во однос на оваа тема.

- *Континуирано следење и информирање за случувањата околу подготовката на новата повеќегодишна финансиска рамка на ЕУ вклучувајќи го и инструментот ИПА III*: пасивно и набљудувачко учество на состаноци, информирање за сите исходи, и изготвување на анализи во однос на оваа тема.

- *Зајакнување на дијалогот со генералните директорати на ЕК*(организирање на редовни технички состаноци со ГД за соседска политика и преговори за проширувањеи сите други надлежни ГД-ти согласно потребите);

- *Зајакнување на постојаните контакти со земјите членки:*активно користење на искуствата на земјите членки на ЕУ за процесот на подготовка на национални преговарачки ставови и позиции; Проширување и зацврстување на постојани и нови контакти со земјите членки и земјите кандидатки и потенцијални кандидатки за членство во Брисел за собирање на информации за искуствата во врска со преговарачкиот процес;

- *Континуирано следење на работата на Комитетот на региони и Европскиот економски и социјален комитет* ;

- *Континуирано и активно учество на состаноци на* РСС, Берлинскиот процес, Иницијативата за гасно поврзување во ЈИЕ (CESEC), ЦЕФТА. Воедно, следење на човековите права и односи на ЕУ со ООН, СЕ, ОБСЕ; како и соработка со одредени тинк-тенкови.

- *Поддршка на комуникација на претпристапна помош (ИПА)* (редовни месечни средби со ГД за соседска политика и преговори за проширувањеи останатите релевантни директорати на ЕК поврзани со програмирање и спроведување на помошта, како и подготовка на секторските мониторинг комитети; Комуникација со релевантни директорати за TAIEX и Програми и Агенции на Унијата; редовна комуникација со ЕК за регионалните програми на ИПА);

- *Логистичка, организациска и техничка поддршка на делегации на РСМ во Брисел* (Подготовка на програми за посети на ЗПВРСМ, ДС и други делегации, пренесување на ставови, пораки, телеграми од состаноци, работни групи, комитети, конференции).

Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во идниот период ќе се соочи со зголемен обем на работа и интензивирање на соработката со ГД НЕАР и останатите надлежни директорати имајќи ги предвид најавените 33 објаснувачки состаноци (explanatorymeetings) кои ќе бидат реализирани во периодот до 2019г. Досега се спроведени 25 објаснувачки состанок и се очекуваат да се одржат уште 5 до крајот на 2019г.Улогата на претставниците на СЕП во рамките на Мисијата е особено значајна имајќи ја предвид експертизата во соодветната проблематиката во секое од поглавја и во таа насока дополнително ќе се работи на таргетирано зајакнување и кадровско пополнување на капацитетот на Мисијата со цел квалитетно да се одговори на динамиката на претстојниот процес.Имено, согласно воспоставената преговарачка структура, претставниците на СЕП и експертите од другите институции кои ќе бидат упатени на работа во ПМРСМ во Брисел ќе бидат координирани од висок државен службеник од редовите на СЕП во својство на Координатор за секторски политики.

И понатаму во рамки на секојдневната комуникација со надлежните институции ќе се работи на презентирање на степенот на подготвеност на земјата во евроинтегративниот процес, имајќи го предвид новиот моментум и напорите за отпочнување на следната фаза од процесот, организирање на билатерални состаноци. Имајќи ја предвид новата динамика во процесот, потребно ќе биде да се воспостави непречено и

паралелно информирање до сите вклучени во процесот согласно воспоставената преговарачка структура. Во следниот период, ќе се продолжи со подготовка на квалитетни и навремени информации и анализи за одредени прашања од интерес за Република Северна Македонија како и бројните реализирани средби во рамки на скрининг процесот и соодветна дистрибуција на истите.

### 1.11.10 Формирање и операционализација на структурата за преговори

СЕП во изминатиот период во согласност со политичката ситуација, продолжи со подготовки за формирање и операционализација на структурата за преговори.

Спроведени се низа програми за обуки на различни целни групи, претставници на СЕП, МНР, членови на НПАА,членови на НПАА работни групи и раководители на институциите. Спроведени се систематски обуки за преговорите, симулации на водењето на преговорите и подготовка на преговарачки позиции, вештини на преговарање, итн. Исто така, се користат досегашните програми за соработка со земји-членки на ЕУ за насочувањекон одредени НПАА области каде е потребна подлабока анализа на acquis.

Подготвен е концептот за дизајн на информатичката платформа за следење на преговорите и потребните функционални модули. Се планира понатамошна подготовка на функционален модул за следење на сите настани на координативните структури во процесот на преговори, како и модул за следење на статусот на преговорите и дизајн на интегрирана платформа ЕУ-портал, за следење на преговори.

Согласно Одлуката на Советот на ЕУ од 26 јуни 2018, потврдена од Европскиот совет на 28 јуни 2018 г. со која се отвора можноста за определување датум за почеток на пристапните преговори во јуни 2019 г., започнувањето на скрининг процесот, Владата на седница одржана на 17 јули 2018г. го задолжи Секретаријатот за европски прашања во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата и Министерството за надворешни работи да подготви предлог концепт за преговарачка структура.Одлуките за формирање на преговрачката структура се објавени во Службен весник на 1.8.2019 година.

Преговарачката структураза пристапување на Република Северна Македонија кон ЕУ,се состои од следните тела:

- Координативно тело за процесот на пристапување кон ЕУ;
- Државна делегација на Република Северна Македонија за преговори за пристапувањето на Република Северна Македонија кон ЕУ;
- Група за преговори за пристапување во ЕУ (преговарачка група);
- Канцеларија на Главниот технички преговарач;
- Секретаријатнапреговарачкатагрупа;
- Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ и преговарачките позиции;
- Работен комитет за европски интеграции (РКЕИ);
- Советодавнитела.

**Комитет за преговори за пристапување кон ЕУ** е работно тело на Владата на кое ќе се дискутираат преговарачките позиции. Координативното тело дискутира за сите прашања поврзани со преговорите и одлучува за најчувствителните теми од процесот на преговорите. Координативното телое составено од: Претседателот на Владата, сите заменици на претседателот на Владата, министерот за надворешни работи, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи, министерот за правда, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација; како и главниот технички преговарач.

**Државната делегација за пристапните преговори** на Република Северна Македонија кон ЕУ ги води пристапните преговори со ЕК согласно добиениот мандат од ЗЧ на ЕУ и е одговорна за обезбедување на непречен тек на преговорите за сите поглавја на acquis-то. Шеф на државната делегација е главниот

политички преговарач - заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања. Членови на државната делегација се: заменик шеф на државната делегација - министерот за надворешни работи,главниот технички преговарач, шефот на Постојана Мисија на Република Северна Македонија при ЕУ – амбасадор, како и секретарот на преговарачката група.Во работата на државната делегација можат да учествуваат и други членови на Владата како и други релевантни чинители во зависност од потребите и темите кои ќе бидат предмет на меѓу-владината конференција.Стручна, техничка и административна поддршка на државната делегација обезбедува СЕП.

**Група за преговори за пристапување во ЕУ (преговарачка група)** е задолжена за експертското и техничкото ниво на преговорите со ЕК за сите поглавја од преговорите.Истата, е составена од: главниот технички преговарач (шеф на техничкиот преговарачки тим), како и од членови-заменици на главниот технички преговарач (1 претставник од МНР и 1 претставник од СЕП номинирани ex-officio, како и од најмногу две други лица кои ќе ги назначи главниот технички преговарач), членови на преговарачката група задолжени за одредени поглавја од acquis – преговарачи, шефот на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при ЕУ – амбасадор и претставник на Канцеларијата на главниот технички преговарач при ЕУ во Брисел, како и секретарот на преговарачката група.

**Канцеларијата на главниот технички преговарач** е задолжена за поддршка на извршувањето на задачите и дневните активности на главниот технички преговарач. Канцеларијата е сместена во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија. Дел од Канцеларијата ги извршува своите задолженија во рамките на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел и е примарно фокусирана на комуникација со претставниците на ЕУ институциите. Канцеларијата во Брисел е каналот за комуникација на преговарачката структура (на оперативно ниво на преговарачите, раководителите и секретарите на работните групи за подготовка на преговорите за посебни поглавја) со ЕК. Исто така, ќе го координира доставувањето на релевантни материјали и документи во преговарачкиот процес двонасочно, помеѓу преговарачките структури и ЕК.

**Секретаријат за преговори за пристапување** обезбедува стручна, техничка и административна поддршка на државната делегација и преговарачката група. **СЕП во својство на Секретаријат** е надлежен за: координација на задачите поврзани со преговорите за пристапување; координација на скринингот за усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis, изработка на извештаи во текот на преговорите, техничка подготовка на активностите на работните групи за подготовка на преговори за одделни поглавја, подготовка на состаноците на државната делегација и на преговарачката група, како и ажурирање и чување на сите релевантни бази на податоци поврзани со процесот на преговори. Работата на секретаријатот ја координира секретарот на преговарачката група.Секретарот на преговарачката група и заменик секретарот на преговарачката група се претставници на СЕП.

**Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ и преговарачките позиции**по индивидуални поглавја на acquis (се очекува одлука на ВРСМ). Постојните работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија ќе се ревидираат во поглед на составот и надлежностите и ќе се трансформираат во работни групи за подготовка на преговори.Во секоја од работните групи задолжително учествуваат претставници од МНР, МФ, СЕП, СЗ и ДЗС.

**Работниот комитет за европоски интеграции (РКЕИ)** е тело во рамките на Владата на Република Северна Македонија за координација на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската заедница и нејзините земји членки и координација на активности поврзани со преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија. Претседател на Работниот комитет за европска интеграција е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.Заменик на претседателот на Работниот комитет за европска интеграција е главниот технички преговарач.Членови на Работниот комитет се државните секретари од сите министерства, државниот секретар на Секретаријатот за европски прашања и претседавач на Комитетот за стабилизација и асоцијација, генералниот секретар на Владата на Република

Северна Македонија и секретарот на Секретаријатот за законодавство, како и членовите на Групата за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Надлежности во процесот на пристапување:

- **Комитет за преговори за пристапување во ЕУ -** како највисоко работно тело за координација на процесот на преговори за пристапување во Европската унија.
- **Државна делегација за преговори за пристапување во ЕУ** (предводена од ЗПВРСМЕУ и главен политички преговарач), со надлежност да ги претстави официјалните позиции за преговарање и во тие рамки, да ги спроведе преговорите за пристапување и да обезбеди нивен непрекинат проток во сите предметни области на преговорите.
- **Група за преговори за пристапување во ЕУ (преговарачка група) -** е стручно-техничко тело на Владата. Главниот технички преговарач со преговарачката група ги води пристапните преговори за сите поглавја и во сите фази на преговорите на техничко ниво и го следи спроведувањето на обврските преземени од преговорите и се грижи за целокупната динамика на донесување на законите во контекст на пристапувањето.
- **Работата поврзана со пристапните преговори во ЕУ** ја вршат СЕП, Канцеларијата на главниот технички преговарач и Директоратот за Европска унија во МНР, што претставува Секретаријат за преговори за пристапување.
- **Работен комитет за европска интеграција** (го опфаќа државните секретари), како орган во рамките на Владата за координација на спроведувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација и координација на активностите поврзани со пристапните преговори со Европската унија.
- **Работни групи за подготовка на Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУ и преговарачките позиции,** за сите поглавја, одговорни за анализа на нивото на транспонирање на правото на ЕУ и подготовка на нацрт-преговарачки позиции.

Во следната фаза, со итна приоритетност, се пристапува кон: имплементација на актите со кои ќе се формираат и уредат работата и надлежностите на телата од преговарачката структура,подготовка на План за внатрешна организација и јакнење на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при ЕУ (вклучително и експертската поддршка на СЕП), јакнење на капацитетите на Постојаната Мисија и ССПППП и целосна функција на секторот во процесот на пристапување, мапирање на сите органи на државната управа и институции, организации од граѓанскиот сектор, академската заедница (универзитети, факултети, институти и научно-истражувачки центри) кои би биле вклучени во процесот на пристапни преговори, вклучително и скрининг процесот, определување на составот на работните групи за подготовка на преговори за оние поглавја кои ќе бидат предмет на експланаторен/објаснувачки скрининг, како и составот на сите останати работни групи за подготовка на преговорите.

До крајот на 2018 и во текот на 2019 година ќе се спроведуваат и објаснувачките состаноци за сите поглавја од правото на ЕУ (33 поглавја), по што ќе следи фазата на аналитички преглед на степенот на усогласеност.

### 1.11.11 Квалитетна подготовка на аналитички преглед и оценка на степенот на хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ

По одлуката на Советот од јуни 2018 година, започна одржувањето на објаснувачките состаноци на кои преставници од службите на ЕК го презентираат најрелевантнто законодавство на ЕУ и во секое поодделно. Истото е основата спроведување на аналитичкиот преглед на законодавството (скрининг), првиот чекор во процесот на преговорите. СЕП континуирано ги координира активностите поврзани со организацијата на објаснувачките состаноци и постапување по обврските. Подготовките се однесуваат на аналзиа на степенот на транспозиција, ажурирање на целокупното национално и ЕУ законодавство, унапредување на алатките за

анализа и аналитички преглед на законодавството, спроведување обуки за јакнење на капацитетите, како и усмерување на донаторска помош кон одредени области каде е потребна подлабока анализа.

Со донесувањето на секоја годишна ревизија на НПАА, се врши ажурирање на листата на национални прописи кои се усогласуваат со ЕУ законодавството, а паралелно се ажурираат на ЕУ мерките кои се предмет на усогласување. Тоа е добра основа за отпочнување на сопствен аналитички преглед на усогласеноста на законодавството.

Континуирано се работи на прилагодување на законодавниот модул на НПАА порталот, како и подготовка за започнување на скринингот како прв чекор во процесот на преговорите.

Во наредниот период, СЕП ќе продолжи со усмерување на сегашните програми за соработка со земји-членки на ЕУ во врска со понудената техничка помош кон анализа на постоечкото acquis во одредени области, како и проширување на соработката преку Годишни програми со други земји членки на ЕУ.

### 1.11.12 Зајакнување на човечкиот капацитет кој работи на ЕУ интеграцијата

СЕП се грижи за развојот на човечки ресурси и јакнење на капацитетите на вработените, како и на целокупната мрежа која работи на ЕУ интеграција. Исто така, се работи на воведување модел на управување заснован на компетенции и активно учествува во мрежата на човечки ресурси. Во наредниот период, ќе се продолжи со развојот и примена на стандардите за човечки ресурси. Активностите се во согласност со Стратегијата за реформа на јавната администрација и стандардите на квалитет, кои се применуваат во европскиот административен простор: транспарентна, професионална, одговорна и ефикасна администрација, услужно ориентирана кон граѓаните.

Согласно Годишниот план за вработување на Секретаријатот за европски прашања за 2018 година, по пат на интерен оглас беа унапредени 21 вработен, а по пат на Јавен оглас беа вработени 15 лица.

Исто така, во 2019 година се предвидува сертификација на институцијата за стандардот за квалитет: ИСО9001:2015. Внатрешна ревизија на воспоставениот стандард се предвидува за 2020 година и во 2021 година.

Со цел јакнење на институционалните капацитети за ЕУ, СЕП воспостави долгогодишна соработка со низа земји членки на ЕУ, преку посебно дизајнирани програми: соработка со француската влада, МАТРА ПАТРОЛ холандската влада, проект „Одржливо учење за ЕУ и систем за обука“ со Кралството Норвешка.Континуитетот на соработката со Кралството Норвешка продолжува преку тековниот УНОПС проект. Обуките опфаќаат како хоризонтални ЕУ обуки, така и специфични секторски обуки, како и обуки за преговори. Се планира продолжување на овие соработки.

### 1.11.13 Зајакнување на Центарот за обуки и систематско јакнење на капацитетите за процесот на преговори

СЕП, согласно својата надлежност, како централно координативно тело на процесот на пристапување, целно ги насочувадонаторските средства кон приоритети за јакнење на капацитетите и институционална надградба. Исто така, СЕП координира посебно дизајнирани програми за јакнење на административниот капацитет, хоризонтални ЕУ обуки, обуки за ИПА структурите, обуки во посебни области на јавните политики на ЕУ, како и обуки за јакнење на капацитетот за преговори.

Центарот за обуки на СЕП е важна компонента за вкупните подготовки на администрацијата и јакнењето на капацитетите за подготовка, отпочнување, водење и завршување на преговорите. Подготовките на администрацијата, од аспект на организација, координација, стручна анализа, примена на методологии,

стандардни аналитички и правни алатки и подготовка на преговарачки стојалишта, треба да вклучуваат посебно дизајнирани програми за посебни целни групи, како и воведување на методолошки пристап и стандарди на квалитет во обуките. Целните групи, на прво место се членовите на сите координативни структури во процесот на пристапување и целокупната администрација која учествува во хармонизацијата, имплементацијата и спроведувањето на acquis (НПАА). Проектираниот број на лица директно вклучени во процесот (членови на разни координативни и оперативни структури како и членови на ИПА националната оперативна структура) кои систематски треба да бидат обучени во следните неколку години е приближно 3000.

СЕП годишно обезбедува буџетски ресурси за одржување на Центарот, но и за спроведување на неговите активности. СЕП, односно Центарот за обука на СЕП, е регистриран во Централниот регистар за изведување образовни дејности за возрасни во доменот на неформалното образование.

СЕП веќе работи јакнење на капацитетите во администрација преку имплементација *„обука на обучувачи“,* и каскадно спроведување обуки на целни групи, на централно, регионално и локално ниво, како и систематско планирање и ангажирање на странски и домашни експерти/предавачи за напредни и специфични експертски обуки. Во изминатите пет години беа спроведени повеќе ИПА проекти и проекти финансирани од билатерални доанатори, со помош на кои беа имплементирани активности за ревизија на работата на Центарот за обука на СЕП, ревидирање на модули за обука и донесување нови, обука на кадар од администрацијата за – „обука за обучувачи“, како и ревизија на образецот за утврдување потреби од обука.
Во 2018 година се спроведоа 28 настани, кои беа следени од 850 учесници.Доделена е една стипендија за студии од вотр циклус од областа на ЕУ, политиките, економијата и правото на ЕУ, во странство за академската 2018/2019 година.

Во 2019 година се спроведоа 24 настани, следени од 473 лица. Имено беа организирани 14 објаснувачки состаноци за НПАА РГ и за истите беше обезбеден пренос во СЕП. Вкупно 10 настани организирани за зајакнување на капацитетите на административните службеници поврзани со теми за ЕУ политики и преговори со ЕУ беа организирани во Македонија од кој 6 се спроведоа во земјата додека 4 надвор од Македонија, во Франција и Холандија.

Во Центарот за обука на СЕП, преку поддршка од мултилатерални и билатерални проекти се спроведуваат низа обуки од областа на јавните политики на ЕУ и останати активности за јакнење на вештините и капацитетите на администрацијата во процесот на европска интеграција.

Во наредниот период Центарот за обуки од областа на ИПА обуки планира активности за:
i) консолидирање на сопствените капацитети и средства за работа;
ii) решавање на статусот на обучувачите од администрацијата и нивно активно вклучување во Програмата за работа на Центарот;
iii) спроведување на обуки, информативни настани, воспоставување соработки и склучување на меморандуми за разбирање со институции во земјата и во странство;
iv) целосна посветеност на активностите за јакнење на капацитетите на администрацијата во врска со објаснувачкиот скрининг, неговата динамика и активности;
v) континуирано хранење и градење на базата на податоци и веб страница на Центарот за обука на СЕП;
vi) прирачник за ИПА корисници, каталог за обуки, како и други документи и прирачници;
vii) целосна посветеност на успешната имплементација на образовните и информативните активности во имплементација на повеќегодишниот проект за дефинирање на родови индикатори во проектите под ИПА (Европски фондови), финансиран од Кралството Шведска;
viii) континуирана работа и соработка на обуките и односните активности со тековно активните донатори;
ix) спроведување на активноста стипендирање на државни службеници за академски студии од втор циклус во странство во доменот на правото, економијата и политиките на ЕУ (стипендии „Габриела Коневска Трајковска“); и
x) поддршка на комуникациската кампања насочена кон учениците од основните и средните училишта и кон студентите, за информирање за ЕИ и ЕУ, во рамки на доменот на работа на ЦОСЕП.

Во 2019 и 2020 година Центарот ќе работи на спроведување на анализа за утврдување на потребите од обука (ИПА, Сектори за ЕУ, НПАА-РГ, преговарачки тимови и др.), идентификација на нови области за обуки, развој на стандардизирани алатки за избор на селекција на обучувачи и за оценка на квалитетот на обуките, поставување на интегрирана рамка на системот на обуки, понатамошен развој на ЕУ, ревизија на постојните модули и создавање нови модули и курикулуми, платформата за учење и обука користејќи ги искуствата од земјите членки, подготовка на Програма за работана Центарот за обука на СЕП и целосно искористување на средствата на располагање за својата работа во рамки на Буџетот на СЕП во реализација на Програмата.

Активноста стипендирање е еден од облиците на инвестиција и негување на човечкиот капитал во органите на управата и тоа во доменот на европската интеграција, авоедно, оваа активност е и еден од облиците на задржувањена високо образуван и експертски кадар во тој реформски процес. Секретаријатот за европски прашања од 2003 година до денес доделува стипендии за последипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ. Во тој период доделени се вкупно 88 стипендии.

Во 2017 година активноста се прошири на соработката и склучените Меморандуми за разбирање со престижните академски институции: Колеџот на Европа од Бриж, Белгија и Колеџот на Европа од Натолин, Полска. Во 2018 година ќе се направи пресек на активноста од нејзиното етаблирање до денес и ќе се дефинира нејзината идна намена, како и соработките кои по истата може да се развијат.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ #3: НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ- Стратешка програма 3-Демократски вредности на Европа во процесот на пристапување, Стратешка програма 4-Информатички системи и платформи за поддршка на процесот на пристапување

### 1.11.14 Информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција

Транспарентноста, видливоста и инклузивноста остануваат основни начела во работењето на СЕП, со цел промовирање на чувството за припадност во ЕУ и вклучување на пошироката јавност во целокупниот интегративен процес на земјата. СЕП континуирано го гради системот на информирање на јавноста во насока на зголемување на јавната свест за поддршка на процесот на европска интеграција. Во изминатиот период, беа спроведени повеќе активности меѓу кои како позначајни може да се издвојат следните:

- Постојани активности за комуникација со јавноста чија основна цел е зголемување на информираноста на јавноста за реформските процеси во процесот на пристапување кон ЕУ како и остварување на двонасочна комуникација со јавноста: (1) Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП, која од октомври 2011 е достапна на македонски,албански јазик и англиски; (2) прес-конференции, настани за различни целни групи, брифинзи за медиуми, подготовка на текстови, флаери, публикации, билтени; организирање трибини и дебати на теми посветени на процесот на пристапување; (3) Испитување на јавното мислење.

- МК-ЕУ инфо центар: континуирано ги спроведува своите редовни активности. Библиотеката во инфо центарот располага со наслови кои што се преведени на македонски јазик во рамките на проектот на Владата на Република Северна Македонија за превод на 500 стручни и научни книги и учебници. Исто така, во МК-ЕУ инфо центарот се врши промоција на ЕУ вредностите преку реализација на Кампањата ЕУ во Република Северна Македонија и континуирано прикажување на видео записи за информирање на граѓаните за европските вредности и за правата и обврските од визната либерализација.

- Кампања ЕУ преговори, во насока на поголема визибилност која ќе ја презентира актуелната, но и идна фаза во делот на ЕУ преговорите, и истата ќе биде проследена со медиумска кампања.

- Брифинг ЕУ Појадок и тематски брифинзи соновинари: Традиционален брифинг-појадок со новинарите во насока на претставување на ЕУ Агендата на СЕП и поднесување на Извештај за сработеното, согласно претходната ЕУ Агенда, како и редовни брифинзи со новинари согласно потребите за нивно информирање.

- Европски појадок: По повод одбележување на Денот на Европа, СЕП традиционално е домаќин на ЕУ појадок на кој присуствуваат високи претставници од амбасадите на земјите членки на ЕУ и други земји партнери на земјата, како и поранешни вршители на функцијата заменик претседател на Влада задолжен за европски прашања.

- Младите за ЕУ: Проекти за млади „Со европско знаење до европска престолнина“ – посета на европските институции во Брисел.

- Како продолжение на реформската агенда на Влада за систематска координација и следење на имплементацијата на Итните реформски приоритети, во кои влегуваат сите забелешки и препораки во приоритетните области правосудство, реформа на безбедносните служби, реформа на јавната администрација и борбата против корупцијата и организираниот криминал;Во оваа насока се планира да се организираат бројни консултации,прес-конференции, брифинзи за новинари состаноци и трибини со надлежните институции, граѓанскиот сектор итн.

- Дискусии за Извештајот на ЕК**:** Реализирани се повеќе засебни дискусии за Извештајот за напредокот на Република Северна Македонија од страна на ЕК, со цел инволвирање на засебни целни групи и општествени чинители во процесот на надминување на наодите од Извештајот. Во наредниот период Дискусиите за Извештајот, согласно ЕУ Агендата на СЕП за 2018-2020 година ќе бидат преименувани во Совети за ЕУ.

**Нова стратегија за информирање и комуникација со јавноста (2018-2020)**

Секретаријатот за европски прашања подготвува нова Стратегија за информирање и комуникација со јавноста во процесот на европска интеграција (2018-2020), која ќе содржи активности за зголемување на видливоста на работата на СЕП, нивото на информации достапни до јавноста и активности наменети за посебни целни групи, со цел да се задржи поддршката за членството во ЕУ.

Во новата стратегија за информирање и комуникација со јавноста се планира, покрај редовните активности, воспоставување на комуникациска мрежа со јавни личности, трибини во соработка со општините и ЗЕЛС, вклучување на бизнис заедницата, како и нови содржини и кампањи и проекти на различни теми согласно направеното истражување.

### 1.11.15 Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и регионална соработка

СЕП во континуитет одржува отворен дијалог со граѓанскиот сектор. Во изминатиот период спроведени се следните активности:

- Остварена е јавна дискусија со граѓанскиот сектор за Извештајот од Европската Комисија
- Одржан е воведен состанок со НВО секторот во врска со програмирање на ИПА 2014 – 2020
- Во процесот на програмирање за ИПА 2, предвидено е вклучување на граѓанскиот сектор во работни групи, согласно областите во Националниот стратешки документ
- Граѓанските организации зедоа учество во рамките на 9 ТАИБ Мониторинг комитет и Заедничкиот мониторинг комитет
- Редовно соработува со одделението за соработка со граѓанскиот сектор при Генералниот Секретаријат и активно е вклучен во подготовка и имплементација на владината Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор
- На редовна основа ја доставува на увид годишната ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), на претставниците на граѓанскиот сектор и организира посебни средби, во секој циклус на ревизија.НВО Секторот бешеконсултиран приподготовката на НПАА за 2018година, во рамките на што СЕП покрај организирање на јавна дискусија за надминување на наодите од Извештајот од ЕК, објави и јавен повик до граѓанскиот сектор во кој беа барани нивни предлози за надминување на наодите од Извештајот, дел од нив се инкорпорирани во тековната НПАА. Консултациите во врска со ревизијата на НПАА ќе продолжат и во новиот циклус на НПАА 2019година

Во наредниот период, Секретаријатот за европски прашања планира значително да ги продолжи и зајакне своите активности во насока на зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и општествените чинители во рамки на нови или веќе воспоставени кампањи, особено преку кампањите на СЕП. На тој начин ќе продолжиме да ги промовираме транспарентноста, европските вредности и ќе дадеме придонес кон развојот на демократските процеси, што ќе придонесе во јакнењето на свеста, одговорноста и чувството на сопственост, и ќе се обезбеди директна поддршка, континуитет и одржливост на процесот.

Во таа насока се планираат следните активности:
**Развој на соработка со граѓанскиот сектор:** (1) воспоставување на ЕУ форум како отворена платформа за соработка со сите заинтересирани страни, граѓанскиот сектор, академската заедница, парламентарните групи, медиумите итн. (2) воспоставување механизам за соработка, дијалог и вклучување во идентификација на клучните проблеми, формулирање на клучните смерници и стратешки документи и следење на нивната реализација со цел активно учество на граѓанскиот сектор во креирањето на политиките во процесот на пристапување.

**Идентификација на клучните области за соработка:** (1) области од НПАА каде ќе бидат потребни посебни студии, анализи, оценка на влијанието и импликации, за квалитетна подготовка на преговарачките позиции; (2) учество во законодавниот процес и мониторинг на имплементацијата; (3) јакнење на капацитетите за соработка и мониторинг во поедини области на добро владеење и фундаменталните права;

**Соработка со академската заедница:** Реализација на активности кои произлегуваат од потпишаниот Меморандум за соработка со шест Универзитети во Република Северна Македонија. (1) дефинирање на заеднички, комплементарни активности и програми во функција на процесот (дипломски/магистерски/докторски теми во одредени конкретни области); (2) развој на едукативни програми и стручна поддршка по одредени прашања; (3) организирање посета на универзитети, трибини итн.

**Соработка со медиуми:** Активностите вклучуваат организирање на форуми, дискусии, семинари, работилници со претставници на медиумите. Исто така, Владата на Република Северна Македонија, воспостави посебна група за соработка со претставниците на медиуми, со цел, преку дијалог, да се

адресираат предизвиците нотирани во Извештајот на ЕК и да се преземат соодветни акции.

**Промоција, вклучување и видливост:** (1) јакнење на заедничките капацитети и спремноста за соработка, преку организирање семинари, работилници, настапи на СЕП, администрацијата, граѓанскиот сектор, академската заедница; (2) отворање форум за дискусија на веб страницата на СЕП;

Во понатамошниот период предвиден е Дизајн на ЕУ-портал. Подготовките за преговори, вклучуваат и планирање активности за консолидација на целокупната информатичка инфраструктура и развој на ЕУ-портал за поддршка на процесот на преговори и интерактивна комуникација со јавноста. Развојот на ЕУ порталот ќе треба да се усогласи со динамиката на подготовките. Концептот на ЕУ-порталот и функционалните модули, се веќе поставени. Порталот треба да претставува платформа за следење на преговорите, членовите на преговарачкиот тим, настаните, информациите и целокупната документација, како и статусот на преговорите. ЕУ порталот исто така, ќе претставува интерактивна платформа за комуникација со јавноста.

**Регионална соработка и добрососедски односи:** Се планираат активности за јакнење на регионалната соработка и промовирање на добрососедски односи. Се планира: (1) Редовно учество на постојните регионални иницијативи и иницирање соработка во области од заеднички интерес; (2) Регионална соработка и воспоставување заедничка рамка за соработка за соочување со заедничките предизвици на земјите од Западен Балкан (демократија и владеење на правото, човекови права, слобода на изразување и медиуми, реформа на јавната администрација, корупција итн.); (3) Активно вклучување во инвестициските регионални иницијативи и во Инвестициската рамка за Западен Балкан; (4) Иницирање на регионални и интеррегионални иницијативи со соседните региони; (5) Иницијатива за добрососедски односи и соработка.

# 1.12 ПРОГРАМИ

## ПРОГРАМА 1.12.1 УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СО СТРУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ

**План за спроведување Програма 1.12.1Управување и координација со структурите во процесот на пристапување**

| **А: Оправданост и дизајн на Програмата 1.12.1Управување и координација со структурите во процесот на пристапување** |
|---|
| **Образложение:**<br><br>Програмата **1.12.1Управување и координација со структурите во процесот на пристапување**произлегува од:<br>1. Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: **Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.**<br><br>Програмата ,,Управување и координација со структурите во процесот на пристапување" произлегува од Приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година:<br>- Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија;<br>- Зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија и ефикасноста во координацијата и соработка со институциите на Европската Унија и земјите членки;<br>- Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија.<br><br>Во рамките на оваа програма, СЕП, како стручна служба на Владата и централно координативно тело за поддршка на |

процесот на пристапување и преговори, планира продолжување и понатамошно подобрување на квалитетот на работа, по сите клучни функции:

- ✓ Доследно следење на обврските од ССА (КСА/Поткомитети)
- ✓ Координација и доследно следење на исполнувањето на обврските од Итните реформски приоритети со фокус на правосудство, реформа на безбедносни служби, реформа на јавна администрација и борба против корупција и организиран криминал и корупција.
- ✓ Организирање, координација и следење на работата на РКЕИ и работните групи за преговори
- ✓ Координација, подготовка, планирање, ажурирање и следење на НПАА
- ✓ Квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување
- ✓ Координација на оперативните ИПА структури, програмирање и следење
- ✓ Подготовка на националната верзија на acquis

Програмата ги опфаќа веќе поставените стандардни функции на СЕП, кои во континуитет се спроведуваат и надградуваат. Фокусот во оваа стратешка програма е на зајакнување на мониторинг механизмите и воведување на систем на рано предупредување, систематско следење на обврските, консултации и партнерски дијалог со институциите на ЕУ, воведување на стандарди на квалитет итн., сите во функција на квалитетно управување и координација со структурите и подобрување на квалитетот на работа.

1. НПАА -Програмата е поврзана со сите 33 поглавја
2. Стратешките приоритети и цели на Секретаријатот за европски прашања:

Програмата е во функција на следниот стратешки приоритет на СЕП:

- Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија.

Воедно, Програмата е во функција на следните стратешки цели на СЕП:

- Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), со фокус на обврските кои се поврзани со преминот во втората фаза од ССА;
- Координација и следење на исполнувањето наИтните реформски приоритети и другите краткорочни приоритети од процесот на европска интеграција, со фокус на областите правосудство, реформа на безбедносните служби, реформа на јавната администрација, и борбата против корупцијата и организираниот криминал;
- Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;
- Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;
- Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;
- Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis.

**Цел на Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување: Исполнување Копенхагенските и Мадридските критериуми за членство во ЕУ**

**Показатели за успех на Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување:**

Позитивна оценка за исполнувањето на критериумите во Извештајот за Република Северна Македонија од Европската Комисија (релативно во однос на претходните извештаи);
Отпочнување со процесот на аналитички преглед;
Спроведување на обврските од 2 фаза на ССА
Донесена Одлука на Советот на ЕУ за отпочнување на пристапните преговори.

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ✔ Хоризонтална ☐ Вертикална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување:**

1. Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Северна Македонија и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата
2. Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со фокус на обврските од втората фаза на ССА, и партнерски дијалог со институциите на ЕУ

| | |
|---|---|
| 3. Доследно исполнување на обврските кои произлегуваат одИтните реформски приоритети, објаснувачките состаноци и оценските мисии<br>4. Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)<br>5. НПАА годишнаревизија<br>6. Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите одИнструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош<br>7. Квалитетна подготовка на националната верзија на acquiscommunautaire | |
| **Потпрограма 1:Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Северна Македонија и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата** | **Показател за успешност:**<br>• Доследно спроведување на Деловникот за работа на ВРСМ<br>• Број на информации до Владата, по однос на процесот на пристапување<br>• Број на подготвени редовни извештаи од СЕП, за седница на Влада (претточка)<br>• Подобрен систем на информирање, и поддршка на Владата со стручни квалитетни анализи, за навремено донесување одлуки |
| **Потпрограма 2:Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со фокус на обврските од втората фаза на ССА, и партнерски дијалог со институциите на ЕУ** | **Показател за успешност:**<br>• Успешно подготвен и спроведен циклусот на КСА/Поткомитети состаноци (Записник и Усвоени заклучоци)<br>• Број на обврски на институциите по КСА/Поткомитет (% исполнување)<br>• Број на обврски на ЕК по КСА/Поткомитет (% исполнување);<br>• Бројнаоценскимисии<br>• Партнерски дијалог и консултации со институциите на ЕУ и продлабочени односи<br>• Донесена Одлука на Советот на ЕУ за отпочнување ССА 2 фаза |
| **Потпрограма 3:Доследно исполнување на обврските кои произлегуваат од Итните реформски приоритети** | **Показател за успешност:**<br>• Број на реализирани мерки од Планот<br>• Број на редовни состаноци на ад-хок групата<br>• Тематски консултации со ГО и транспарентност на процесот<br>• Број на реализирани заклучоци од телата на ССА<br>• Број на позитивни наоди од Извештајот на ЕК<br>• Број на реализирани оценски мисии |
| **Потпрограма 4: Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)** | **Показател за успешност:**<br>• Бројнасостаноцина РКЕИ<br>• Број на состаноци на НПАА работни групи<br>• Број на консултативни состаноци со ЕК<br>• Статус на реализација на НПАА – Матрица на цели и активности; по поглавја, по институции, на квартално ниво<br>• Обезбедена квалитетна работа на РКЕИ како тело за меѓуресорска консултација и решавање на проблеми<br>• Позитивен извештај на ЕК за напредокот на Република Северна Македонија<br>• Задржување на препораката и отпочнување на преговори<br>• Одлука за отпочнување на преговори |
| **Потпрограма 5: НПАА годишна ревизија** | **Показател за успешност:**<br>• Навремено доставување на сите потребни информации, документи, обрасци, за подготовка на НПАА ревизија<br>• НПАА годишната ревизија (со Анексите) усвоена на Влада до крајот на тековната година<br>• Спроведени консултации со НВО, Собрание и други заинтересирани страни на транспарентен начин<br>• Воведени аналитички алатки и стандардизирани платформи и системи за рано предупредување (НПАА портал)<br>• Воведен системот на benchmarking и стандардизирани платформи за следење на исполнувањето (НПАА портал)<br>• Подобрен квалитет на НПАА, со развиени краткорочни и |

| | |
|---|---|
| | среднорочни приоритети, конзистентни со стратешките и буџетски програми на институциите кои учествуваат, како и со програмата за работа на Влада |
| **Потпрограма 6: Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош** | **Показател за успешност:**<br>• (%) на искористеност на средствата од ИПА, по компоненти<br>• (%) на искористеност на планирани и програмирани средства од ИПА, по години<br>• Време на реализација на циклус ИПА програмирање<br>• Бројнапотпишанифинансискиспогодби<br>• Број на TAIEX настани/ број на лица; број на НПАА поглавја<br>• Бројнабилатералниспогодби<br>• Учество во програмите на Унијата (број програми, средства)<br>• Зајакнат капацитет за идентификација на среднорочни и долгорочни приоритетни области и нивно насочувањекон ЕУ приоритетите и националните развојни приоритети, и усогласеност со МТЕФ (повеќегодишна финансиска рамка) на Република Северна Македонија<br>• Зајакнат капацитет за програмски пристап, и подготовка на квалитетни програми<br>• Зајакнат капацитет за генерирање на програми и проекти во низа (projectpipeline)<br>• Зајакнат капацитет за мониторинг и евалуација |
| **Потпрограма 7: Квалитетна подготовка на националната верзија на acquis communautaire** | **Показател за успешност:**<br>• Број на преведени правни акти, по вид и фаза во преводот<br>• Број на обучени лица/ специјализирани обуки, по профил<br>• Број на извлечени и обработени термини<br>• Квалитетна национална верзија на правото на Европската Унија која ќе претставува сигурен извор на правата и обврските кои произлегуваат за македонските граѓани како резултат на евроинтегративниот процес |

**Б: План за спроведување на програмата 1.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување**

**Потпрограма 1: План за спроведување**

**Унапредување на системот за информирање на Владата на Република Северна Македонија и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
